# НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

**Младински культурен центар - Битола**

**Проект „Препознавање и афирмација на неформалното образование во Република Македонија“**

# НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ

**ноември 2009, Битола**

**Издавач:**
Младински културен центар – Битола
ул. Цар Самуил 29
7000 Битола
Тел.: 047 233 020
Факс: 047 203 925
E-mail: mkcbt@t-home.mk
Web: http://www.mkcbt.org.mk

**За издавачот:** М-р Сашо Додовски

**Одговорен уредник:** М-р Златко Талевски

**Автори:** М-р Елизабета Буова
Д-р Иван Додовски

**Лектор:** М-р Огнен Вангелов

**Техничка подготовка:** Пеце Илиевски

**Дизајн и печатење:** Графопром - Битола

**Тираж:** 500 примероци

Достапно на македонски и англиски јазик

CIP – Каталогизација во публикација
Матична и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“, Битола

371. 322. 5 (497. 7)

БУОВА, Елизабета
Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи / (автори Елизабета Буова, Иван Додовски). – Битола: Младински културен центар- Битола, 2009. – 95 стр. : граф. прикази ; 21 см

Податокот за авторите преземен од колофонот. – На врвот на насл. стр. : Проект “Препознавање и
афирмација на неформалното образование во Република Македонија“ . – Тираж 500. – Библиографија: стр. 58 – 61

ISBN 9989 – 2139 – 4 – 1
1. Додовски, Иван (автор)
а) Неформално образование – Македонија
COBISS.MK – ID 18469697

**Раководител на проект:** Мери Нашоку

**Соработници:**
Дејан Додовски
Сара Фазекас
Александар Марковски
Александар Тодоровски
Јасмина Богоевска
Маја Ангеловска
Жаклина Стојановска

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

INSTITUTE FOR Sustainable Communities

CIVIL SOCIETY STRENGTHENING PROJECT

In partnership with the European Center for Not-for-Profit Law, Konekt, and the Macedonian Institute for Media

Оваа публикација беше овозможена со поддршка од Проектот за зајакнување на граѓанското општество, на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД) и спроведуван од Институт за трајни заедници (ИТЗ).

Мислењата што се овде изразени им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Институт за трајни заедници (ИТЗ) или на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД). Исто така, спомнувањето трговски марки или комерцијални производи не претставува поддршка или препорака за користење.

# Содржина

Список на кратенки: . . . 7

Поглавје 1: За проектот и за МКЦ – Битола. . . . 9

Поглавје 2: Анализа на европските и македонските политики и практики во областа на неформалното образование . . . 13

1. Вовед . . . 13
2. Методологија . . . 15
3. Европски контекст, перспективи и развој на НФО . . . 16
   3.1. Европски контекст . . . 16
   3.2. Меѓународни актери и поврзаноста на политиките. . . . 17
   3.3. ЕУ - Дефиниции и заднински информации . . . 18
   *3.4. Лисабонската агенда и инструменти за нејзино постигнување во доменот на образованието и обуката . . . 19*
      *3.4.1. „Образование и обука 2010“ . . . 19*
      *3.4.2. Европска квалификациска рамка . . . 21*
   *3.5. Признавање, афримација и валидација на неформалното образование во ЕУ . . . 21*
   *3.6. Невладините организации (НВО) и неформалното образование во ЕУ . . . 23*
   *3.7. Што по 2010? . . . 24*
4. Неформалното образование во Република Македонија . . . 25
   *4.1. Основни информации . . . 25*
   *4.2. Анализи на тековните состојби. . . . 26*
   *4.3. Законски контекст . . . 28*
   *4.4. Стратегија за доживотно учење . . . 31*
   *4.5. Европска рамка на квалификации и Национална рамка на квалификации . . . 32*

5. Невладините организации: актер и засегната страна во НФО . . . 34
6. Наоди од истражувањето . . . 36
7. Работата на фокусните групи . . . 58
8. Заклучоци . . . 60
9. Користена литература . . . 64

Поглавје 3: Препораки за унапредување на неформалното образование во Република Македонија . . . 71
1. Вовед . . . 71
2. Законска рамка и стратешки документи . . . 73
3. Центар за образование на возрасните . . . 75
4. Понудувачи на услуги во областа на НФО . . . 78
5. Унапредување на јавната свест за НФО . . . 79
6. Наместо заклучок . . . 81

## Список на кратенки:

| | |
|---|---|
| БРОх | Биро за развој на образование |
| ВЕТ | Стручно образование и обука (Vocational Education and Training VET) |
| ГРАЛЕ | Глобален извештај за образованието на возрасни (Global Report on Adult Learning and Education GRALE) |
| ЕЗ | Европска заедница |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКР | Европска квалификациска рамка (European Qualification Framework EQF) |
| ЕТФ | Европската фондација за обука (European Training Foundation ETF) |
| ЕУ | Европска унија |
| ИЛО | Меѓународна организација за труд (International Labor Organization ILO) |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| МКЦ – Битола | Младински културен центар – Битола |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НАТО | Северно-атлантска алијанса (North Atlantic Treaty Organization NATO) |
| НВО | Невладина организација |

| | |
|---|---|
| НКР | Национална квалификациска рамка |
| НФО | Неформално образование |
| ОЕЦД | Организација за економска соработка и развој (Organization for Economic Cooperation and Development OECD) |
| ОН | Обединети Нации (United Nations UN) |
| ПИСА | Програма за меѓународно оценување на учениците (Programme for International Student Assessment PISA) |
| ПСА | Процес на стабилизација и асоцијација |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите Нации (United Nations Development Program UNDP) |
| УНЕСКО | Образовна научна и културна организација на Обединетите Нации (United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization UNESCO) |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца при Обединетите Нации (United Nations Children's fund UNICEF) |
| УСАИД | Американска агенција за меѓународен развој (United States Agency for International Development USAID) |
| ФИООМ | Фондација Институт отворено општество Македонија (Foundation Open Society Institute Macedonia FOSIM) |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |

# **Поглавје 1:** За проектот и за МКЦ – Битола

Младинскиот културен центар од Битола го спроведува проектот „Препознавање и афирмација на неформалното образование во Република Македонија“, кој е поддржан од Институтот за трајни заедници со фондови од УСАИД. Целта на овој проект е да се утврдат состојбите и да се покрене процес за препознавање и афирмација на неформалното образование во Република Македонија, притоа имајќи ја предвид улогата на здруженијата на граѓани како испорачатели на знаења и вештини за сите возрасни групи. Се очекува проектот да овозможи почетна основа за партиципативен приод кон градењето идни стратегии и политики во областа на неформалното образование.

Во првата фаза од проектот се спроведуваше компаративно истражување за европските и македонските политики и практики на полето на неформалното образование. Во рамките на истражувањето, во текот на февруари - април 2009 година, се спроведувше анкета на околу 63 институции, во најголем дел од граѓанскиот сектор, потоа од приватниот и од јавниот сектор. Покрај спроведувањето на анкетата се реализираа две тркалезни маси со фокус групи и состаноци со релевантните државни институции. Главниот фокус на истражувањето се неколку сегменти: европската ориентација и тековни практики во доменот на НФО, состојбите во Република Македонија во однос на правна рамка и институционална **поддршка**, улогата на невладиниот сектор во областа на НФО, и истражување на можностите за партнерските соработки и синергичните приоди кои би можеле да придонесат кон вистинско подобрување на состојбите во земјата со неформалното образование.

Во втората фаза од проектот (јуни – октомври 2009) врз основа на истражувањето и преку примена на моделот на граѓанско учество (семинар и три дебати низ Република Македонија) се развија препораки од страна на релевантна група заинтересирани страни како појдовна основа за обезбедување доследност и систематичност во градењето стратегии и политики и во спроведувањето активности за признавање и афирмација на неформалното образование во Р. Македонија.

Публикацијата „Неформалното образование во Република Македонија: состојби и перспективи“ претставува финален производ од двете фази на проектот: истражувачкиот дел и делот на развивање на препораките. Младинскиот културен центар – Битола им се заблагодарува на двата надворешни консултанти М-р Елизабета Буова која го водеше процесот на истражување на состојбата со неформалното образование во Република Македонија (Поглавје 2) и Д-р Иван Додовски кој го водеше процесот на развивање на препораките (Поглавје 3).

Младинскиот културен центар – Битола од самиот почеток на своето постоење активно се вклучува во секторот на неформално образование, најпрвин преку учество на работниот тим во различни об-

разовни програми (семинари и работилници) за јакнење на капацитетот, а потоа и со сопствена едукативна програма и јадро на тренери како испорачувачи на обуки од областа на проектниот и волонтерскиот менаџмент за својата целна група – младите луѓе. Ваквиот збир собрани искуства, знаења, вештини и компетенции во голема мера остануваат невидливи и непрепознаени, а тоа се однесува и на целиот граѓански сектор. Проектот ќе овозможи успешно проектиран почеток на еден сеопфатен и сериозен третман на оваа област во иднина, од страна на сите релевантни фактори во државата. Овој процес подразбира повеќегодишен ангажман во низа активности и следење процедури со цел успешна стандардизација на квалитетот во НФО секторот и негово признавање како комплементарен начин на образование во Р. Македонија, во кој граѓанскиот сектор ќе има активен ангажман.

Мисијата на Младински културен центар – Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе во регионот на Југоисточна Европа и нивно активирање за развој на граѓанското општество.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, образованието, културата, уметноста и граѓанските иницијативи.

МКЦ – Битола веќе три и пол години работи како Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ). Како национална канцеларија ВЦМ ја координира размената на локално, регионално и меѓународно ниво, организира работни кампови низ Р. Македонија, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и интернационални организации кои промовираат слични вредности. Активностите на ВЦМ во последнава година се насочени кон спроведување на Законот за волонтерство (донесен во јули 2007 година) во пракса и развој на волонтерски програми за јавните институции и граѓански здруженија, како и волонтерски програми и обуки за волонтерските клубови во рамките на средните училишта и универзитетот Св. Климент Охридски - Битола. Со програмата *Локален волонтерски сервис* практично се спроведува модулот за волонтерски менаџмент за јавни институции и НВО-и, како и модулот за подготовка и следење на личниот развој на волонтерите.

М-р Златко Талевски

М-р Елизабета БУОВА

# Анализа на европските и македонските политики и практики во областа на неформалното образование

# **Поглавје 2:** Анализа на европските и македонските политики и практики во областа на неформалното образование

## 1. Вовед

*„Не постои царски пат во учењето“*
Евклид

Неформалното образование (НФО) во голема мерка го има поминато својот пат на признавање, валидација, верифицирање и прифаќање во земјите членки на Европската унија, и пошироко во светот. Тоа е составен дел од образовниот циклус во животот на еден човек, и добива своја валидација во професионалниот дел од неговиот/нејзиниот живот. Ова особено претставува точна констатација за таканаречените стари демократии и за „старите земји членки“ на ЕУ, пред источното проширување на ЕУ.

Истражувањето во рамките на проектот *„Препознавање и афирмација на неформалното образование во Република Македонија“* [1] воглавно се однесува на истражување и анализа на развојот на политиките и практиките во сферата на неформалното образование во Европа, како и анализа на состојбата и практиките кои веќе се развиени и постојат во доменот на НФО кај граѓанскиот сектор, македонскиот контекст и моментален статус на НФО и улогата на невладиниот сектор, како чинител во НФО.

Живеејќи во време на постојани промени и реформи, образовниот систем во Република Македонија ја има истата судбина и во тој пат. При напуштањето на старото и прифаќање и прилагодување кон новото, дел од вредностите и постигнувањата се занемаруваат, заборавaат, за сметка на нови и свежи приоди и решенија. Неформалното образование се нашло токму во таквата ситуација, со барање на свое место под транзициското сонце. Како дел од современите концепти за образование на возрасни и доживотно образование, НФО доживува свои трансформации, како во однос на неговото разбирање, така и во однос на неговото целосно прифаќање или признавање.

Овој проект конкретно е насочен кон една призма на гледање: улогата на невладините организациите во НФО и статусот на неговото признавање, афирмација и валидација. Целта е да се увиди состојбата

---
[1] Спроведуван од Младинскиот културен центар од Битола, поддржан од ИТЗ преку фондови на УСАИД

во која функционира невладиниот сектор активен во доменот на НФО во Република Македонија, проблемите со кои се соочува, јазовите кои постојат, предизвиците кои треба да се земат предвид, сојузите кои треба да се создадат, и да се отворат активности за утврдување  на потребите на целните групи, да се овозможи појдовна основа за обезбедување конзистеност и систематичност во градењето на идните политики, стратегии и активности во насока на признавање, прифаќање (стандардизација, верфикација и валидација) и афирмација на неформалното образование низ партиципативен и конструктивен приод. Напорот во ова истражување беше насочен кон исцртување на домашниот контекст и пошироко, преку перспективата за идното придружување кон Европската унија и тековниот контекст во ЕУ во доменот на НФО.  Оттаму, сите заклучоци извлечени во извештајот се однесуваат токму на таа перспектива и претставуваат скромен придонес и поттик за адресирање на потребата од холистички, синхронизиран и интегрален пристап во признавањето, афирмацијата и валидацијата на НФО во Република Македонија.

## 2. Методологија

За потребите на овој проект насочен кон улогата на невладините организациите во НФО и статусот на неговото признавање, афирмација и валидација, и секако, за потребите на овој документ, работата беше поделена во неколку фази.

Во првата фаза се работеше на обезбедување инфорамции за светските, поточно европските текови и состојби со НФО, со посебен акцент на развојот на политиките и трендовите во ЕУ.  Ова истражување (desk research) опфаќаше прибирање документи за европскиот контекст: правната рамка, стратешките документи и постојните практики како во јавниот, така и во граѓанскиот сектор, и како еден од клучните корисници, приватниот сектор.  Во оваа фаза беше посветено време на истражување на постојните документи во облик на разни акти, правно-обврзувачки документи од меѓународен карактер, препораки, извештаи, стратешки приоди, политики, добри практики и анализи.

Паралелно со истражувањето на состојбите во странство, се работеше на прибирање информации и документи во однос на македонскиот контекст, првенствено низ призмата на процесот на придружување кон ЕУ. Ова беше проследено со серија интервјуа со соодветните и релевантните претставници од институциите во владиниот, невладиниот сектор и донаторската заедница во однос на тековните состојби со НФО и перцепциите за него во Република Македонија.

Втората фаза од истражувањето беше посветена на изработка на анкетен прашалник, спроведување пилот фаза, корекција на прашалникот и спроведување на анкетата.  По прибирањето на пополнетите прашалници, тие беа соодветно технички обработени и анализирани.

Во суштина, со оваа фаза се направи истражување и се стекна увид за состојбите во граѓанскиот сектор активен во доменот на НФО во Р. Македонија. Исто така, во истражувањето беа вклучени и се зедоа предвид мислењата/одговорите на репрезентативен дел на јавни институции (работнички универзитети и народна техника) и економски оператери (консалтинг фирми и школи за странски јазици).

Во последната фаза се одржаа две тркалезни маси со фокусни групи сочинети претежно од претставници од НВО секторот, но и претставници од приватниот и јавниот сектор.  Во последната фаза следеше изработката на финалниот извештај којшто ги сублимира наодите од сите три фази на истражувањето.

## 3. Европски контекст, перспективи и развој на НФО

*Анализа на политиките, правната рамка и стратешките документи на Европската унија, како и примената и добрите практики во делот на неформалното образование, процесот на доживотно учење и поврзаноста и усогласеноста со политиките и на другите меѓународни организации*

*Доживотното учење е неопходност, а не луксуз.*
Јан Фигел, Еврокомесар

### *3.1. Европски контекст*

Во текот на истражувањето за појдовна основа се зема стратегијата и политиката која се промовира во рамките на Европската унија за земјите членки на ЕУ, првенствено заради известната иднина на Република Македонија во рамки на Унијата. Оттаму, клучната задача и предизвик се хармонизирањето и усогласувањето на домашните практики и политки со оние на ЕУ.

Функционирањето на сите три столба во општеството во голема мерка во рамки на самата Европска унија (ЕУ) е потпомогнато со унифицираниот и усогласениот пристап кон фундаметалните вредности на постоењето на Заедниците, и сега на Унијата, т.е почитувањето и примената на четирите слободи на движење (стоки, услуги, луѓе/работници, капитал) и над сè, слободното движење и размена на идеи и добри практики.

Во самата ЕУ преку нејзините институции, се прави обид да се зачуваат најдобрите од разнородното мноштво образовни искуства од Европа, при што во исто време, се става акцент на издигнување на стандардите, надминување на пречките за можностите за учење и исполнување на условите и барањата на 21-от век. Имајќи предвид дека сферата на образованието не е во целост хармонизирано во ЕУ, основните политики кои ја формулираат и обликуваат состојбата на неформалното образование (НФО) се *Лисабонската стратегија за раст и вработувања*, или уште попозната под името *Лисабонска агенда* и во нејзини рамки, концептот и посветеноста на *доживотното учење (Life Long Learning – LLL)*. Ова, од друга страна, посочува дека се работи за приод кој е влечен и инспириран од интересите, потребите и влијанието на економијата, компетитивноста во рамки на ЕУ, но и во светски рамки, пазарот на трудот, како и потребите изразени во рамки на концептот активно граѓанство.

*Белата книга* на Европската комисија – *Нов поттик за младите на Европа и Комуникацијата на ЕЗ за доживотното учење* уште од 2001 година, на некој начин, се камен темелници за оваа сфера.

Доживотното образование и поконкретно, образованието на возрасни, ЕУ го регулира со два правно обврзувачки документи од својот корпус на *acquis communautaire*. Покрај тоа, во рамки на постојаниот

дијалог на тема млади, образование и компетитивна економија, се доаѓа до дополнителни заклучоци, препораки, дури и развивање на начела кои се апликативни и препорачани до сите земји челнки на ЕУ. Воедно, тоа е валидно и за сите оние земји кои се стремат да се придружат кон Унијата.

### *3.2. Меѓународни актери и поврзаноста на политиките*

Европската унија во голема мерка ги набљудува, следи и се надоврзува на работата на повеќе меѓународни институции во доменот на образованието, УНЕСКО и други агенции на Организацијата на обединетиите нации, Светската банка, а особено на Советот на Европа и ОЕЦД. Со таквиот приод, дел од темите и политиките на ЕУ биле ставени на дневниот ред пред земјите-членки. Со тоа се постигнале повеќе работи: активен однос кон политиките на образование и доживотно учење и, до сега, успешно избегнување на удвојувањето на напори или паралелното развивање стандарди за образованието и доживотното учење.

Сите стратегии, приоди и политики се меѓусебно поврзани и координирани, и оттаму во работата на службите на ЕУ императивно се наметнува директно поврзување на образованието и обуката со прашањата произлезени од економијата и пазарот на трудот, како што се: вештини и мобилност, електронско учење, доживотно учење, вработување и социјална инклузија. Така, на пример, создадена е обврската за создавање „Европска област на високото образование“ (Болоња). Следствено, донесена е Копенхагенската декларација од 2002 за зајакната соработка во Европа во доменот на средното стручно образование и обука, со мандат да се работи на акциски планови кои ќе доведат до транспарентност, хармонизирање и квалитет во средното стручно образование.

Но, уште означаен е податокот дека, во суштина, ЕУ ги усогласува своите политики и стратешки приоди првенствено во консултација со документите кои се веќе производ на поширока констулација и темелни истражувања, а се дел од меѓународните иснтрументи произлезени од Советот на Европа. Имено, работата на Советот на Европа на младинската политика е прифатена и почитувана во рамки на ЕУ, т.е. иницијативите и документите претставуваат водилки и се референтни за ЕУ.

Обединетите нации (ОН), во рамки на своите политки и кампањи директно го обработуваат НФО, и ја афирмираат неговата улога, влијание и придонес во образовните процеси во светот. Организациите на ОН, УНДП, УНЕСКО, УНИЦЕФ, ИЛО, во своите мисии и стратегии имаат поврзан и единствен однос кон образованието. Воедно, иницијативите кои ги создаваат, иницираат и мобилизираат ОН и членките на ОН, како што се *Милениумските развојни цели, Декадата на писменоста, Образование за сите, Декадата на образование за одржлив развој,* и други, стануваат стадард во формулирањето на политиките и официјалната средина на дејствување во сите земји одделно.

Во овој дел треба да се нагласи важноста на извештаите *CONFITEA*, кои ги поднесуваат земјите членки на ОН, и се темелна и длабинска анализа, но и самооценка на состојбите во секоја земја. Воед-

но, треба да се издвои и *Глобалниот извештај за образованието на возрасни*, ГРАЛЕ, како идеја преку која се дава заедничка, унфицирана, и пред сè, стандардизирана рамка за образованието, а со тоа дефинитивно и за НФО.

Организацијата за економска соработка и развој *(ОЕЦД),* исто така дава свој многу значаен придонес во признавањето, прифаќањето и афирмацијата на НФО во своите документи и незадолжителни насоки за политиките во овој домен. Особен акцент е ставен токму на потребите на економијата и на стандардизирање на НФО, а несомнено најголемиот придонес на ОЕЦД е ПИСА стандардот во средното образование.

Светската банка, низ своите проекти активно пристапува кон поддршката на НФО, што од друга страна говори и ја потврдува обединетоста во политиките и приоритетите на меѓународната заедница.

### *3.3. ЕУ - Дефиниции и заднински информации*

Дефиницијата која најчесто ќе се сретне за НФО на ниво на ЕУ е дека неформалното образование е образование и обука кое ги вклучува сите видови/облици на активности за предавање и учење, а кои не се дел од формалниот образовен процес. Тоа е комплементарна активност на формалниот систем на образование. Европскиот младински форум дава една од најсеопфатните дефиниции за НФО која се користи во рамки на ЕУ денес:

*„... организиран процес кој им овозможува на (младите) луѓе можност за развој на нивните вредности, вештини и компетенции, различни од оние равиени во рамки на формалното образование. Тие вештини – исто така, наречени и „меки вештини“ – вклучуваат голем опфат на компетенции, како што се интерперсонално, тимско и организациско управување и управување со конфликти, интеркултурна свесност, лидерство, планирање, организирање, координација и  вештини за практично решавање проблеми, тимска работа, самодоверба, дисциплина и одговорност*.“[2]

Имајќи предвид дека постои различна генеза и традиција во рамки на ЕУ 27 за НФО - како концепт и практика тоа живее повеќе од 100 години во скандинавските земји и Холандија, а во англо-француската култура јасно се дефинира некаде кон средината на 20-тиот век. Кај новите земји членки, вклучувајќи ги и аспирантите за влез во ЕУ, НФО доживува колапс во периодот на транзиција, затоа повторното заживување – градење на унифицирано разбирање, приод и над сè, прифаќање на практиката на редовна примена на НФО е навистина тешка работа.  Овде клучна улога во афирмацијата и насочувањето на фокусот кон универзално релеватни прашања за европскиот континент одиграле граѓанскиот сектор и извесни научници и истражувачи.

Меѓутоа, покрај постоењето разновидни дефинции за НФО, кои во фундаменталното разбирање на НФО не се разликуваат, постојат отворени прашања на кои сè уште не се дадени конкретни одговори,

2 http://www.projects.aegee.org/educationunlimited/files/Non-formal_Education_brief.pdf

што пак доведува до збрка. Имено, дефинициите за неформално образование кај сите наведени организации се разликуваат. Покрај тоа, се разликува и фокусот. На пример, кај организациите од системот на ООН, главна претпоставка е исполнувањето на Милениумските развојни цели, и оттаму неформалното образование многу често е врзано за стапките на описменување. Кај ЕУ, пак, повеќе се инсистира на основните, поточно „клучните компетенции“ во процесот на доживотното учење, неопходни за општество темелено на знаење (знаење, вештини и ставови кои доведуваат до тоа луѓето повеќе да се вклучени во градење одржлив развој и демократско граѓанство).

Второто прашање околу НФО е неговото безрезервно врзување за младинските политики, или, од друга страна, пак, исклучивото врзување за образованието на возрасни.

И, секако, можеби, најголемата опасност е дискурсот на стандардизирање на НФО под премисите на обезбедување квалитет, неговата гаранција, како и тесното врзување за резултатите/исходите од образованието (learning based outcomes), што во суштина води до формализирање на сферата на НФО, со што тоа ја губи својата смисла на постоење.

### *3.4. Лисабонската агенда и инструменти за нејзино постигнување во доменот на образованието и обуката*

Неформалното образовние се третира и во делот на политиките и *acquis communautaire* на ЕУ за доживотно учење, чиј развој, како концепт, политика и стратегија добива големо внимание и финансиска поткрепа на ниво на Унијата.

Корелацијата на доживотното учење, обединувањето на формалното,неформалното и информалното образование, со идејата за постигнување на општество темелено на знаење (*knowledge-based society),* и следствено, компетитивна економија на глобалната сцена во 21 век, во самата ЕУ е утврдена, формализирана и институционализирана. Овде, повторно треба да се напомне дека овие стратешки определби на ЕУ се рефлектираат и во документите кои го обединуваат високото образование и пазарот на трудот: *Болоња процесот* за создавање европска област за високо образование (*Bologna Process*), и признавањето на квалификациите преку *Европската рамка на квалификации* (*European Qualifications Framework*).

### *3.4.1. „Образование и обука 2010“*

Со донесување на *Лисабонската декларација* во март 2000 година, новата стратешка цел за ЕУ е да стане „најкомпетитивната и динамична економија темелена на знаење во светот, способна да го одржи економскиот раст со повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија.“ Суштината на ова залагање е образованието и обуката на самитите во Стокхолм (2001) и Барселона (2002), каде што се усвоени стратешките цели и деталната работна програма за постигнување на лисабонската цел до 2010

година. Истата година утврдена е и рамката со 8-те клучни компетенции и европската димензија во образованието. Оваа работна програма позната под името *Образование и обука 2010,* исто така, во себе ги обединува Копенхагенскиот и Болоњскиот процес. Како работна програма која има синергетски и кохерентен приод кон образованието и обуката, таа е клучна за успехот на Лисабонскиот процес.

Клучни комптенеции за доживотно учење, т.е. европската референтна рамка се следните:

1. Комуникација на мајчин јазик
2. Комуникација на странски јазици
3. Математичка компетенција и основни компетенции од природните науки и технологијата
4. Дигитална компетенција
5. Учење како да се учи
6. Интерперсонални, општествени и социјални компетенции и граѓански компетенции
7. Претпреимништво, и
8. Изразување на/за културата

Сите овие компетенции имаат за цел да го помогнат личното исполнување и развој во текот на целиот живот на поединецот (што претставува културен капитал), да овозможи активно учество на граѓанинот во општеството, т.е. да овозможи инклузија  (социјален капитал) и да овозможи секој поединец да добие квалитетно работно место (човечки капитал).

Документот *Образование и обука 2010* иако не е обврзувачки по карактер, токму тој поставува високи одредници и цели за успехот на Лисабонската агенда, па вели дека до 2010 година во ЕУ:

- Просечната стапка на деца што рано го напуштиле образованието ќе биде помала од 10%;
- Вкупниот број на дипломци во математика, природните науки и технологија треба да се зголеми за најмалку 15%, додека пак, родовиот дисбаланс во овие предмети/области треба да се намали;
- 85% од лицата на 22-годишна возраст треба да бидат со завршено средно обвразование;
- Бројот меѓу 15-годишниците со послаб успех во читање, математика и природни науки, треба да се преполови; и
- Просечното учество на возрасните лица кои се вработени во процесот на доживотно учење треба да се искачи на барем 12,5%.

Очигледно, вака високо поставените цели, тешко ќе можат да се постигнат во секоја земја членка, а можеби тоа ќе биде уште потешко за земјите кои аспирираат да влезат во ЕУ, бидејќи ваквата забрзана ангажираност е единствен сигурен билет за развој на економијата, подобрување на стандардот и исполнување на условите за влез во ЕУ.

### *3.4.2. Европска квалификациска рамка*

За иста цел, намера и насока, по голем број дебати, особено поттикнати од можноста за спроведување на една од четирите фундаметални слободи – слободата на движење на луѓе, односно на работна сила, произлегува и дискусијата за заемно признавање на дипломи, но и на професии. Оваа комплексна и многу чувствителна материја често пати е користена за дневно политички цели, а доживеа и период во кој беше и стандард за дискриминација (со новото источно проширување). Токму од потребата за унифицирање и полесно разбирање на образовните системи и нивоата на стекнато образование и квалификации, како и потребата да се одговори на барањата на пазарот на труд и најважно за поттикнување на мобилноста на работната сила, на 24 октомври 2007 година, Европскиот парламент ја изгласа Препораката за вопоставување на *Европска квалификациска рамка за доживотно учење* (ЕКР). Со тој документ им се препорачува на земјите членки да донесат *Национални квалификациски рамки* (НКР) до 2012 година. Со тоа ќе им се овозможи на работодавачите и на поединците да ја користат ЕКР како референтна алатка за споредба на квалификациите во различни земји и низ различни образовни системи и системи на обука.

ЕКР ги опфаќа сите видови и нивоа на образование и обука и се однесува на сите видови квалификации. Во основа ЕКР дефинира 8 референтни нивоа за тоа што пеодинецот во процесот на учење знае, разбира и е во состојба да направи (резултати/исходи од учењето, без оглед на конкретната квалификација што ја стекнал). Односно, со ЕКР се поместува фокусот од традиционалниот приод со акцент на инпутот во учењето, на резултатите/исходите од учењето и тоа:

- Го поддржува подоброто спојување на потребите на пазарот на трудот (од знаење, вештини и компетенции) и понуденото образование и обука;
- Ја помага валидацијата на неформалното и информалното учење;
- Го помага трансферот и користењето на квалификациите во различни земји, образовни системи и системи на обука.

Во спроведувањето на ЕКР, активно придонесува ЕКР работна група и 8 кластери. Во рамки на работата на еден од кластерите внесена е и валидацијата на неформалното и формалното образование.

### *3.5. Признавање, афримација и валидација на неформалното образование во ЕУ*

Во рамки на ЕУ, клучните дискусии околу НФО се водат во однос на неговото признавање/афирмација, во однос на обезбедувањето квалитет врз основа на резултатите/исходите темелени на учење и негова валидација.

Признавањето на НФО може да биде политичко, општествено и индивидуално. Комисијата веќе има направено некои чекори во тој поглед:

- Афирмативен пристап кон признавањето – што во суштина е политичко признавање, отелотворено во серија обврзувачки и необврзувачки документи за земјите членки на ЕУ;
- Политичкото кое се надоврзува на социјалното, преку поставувањето на *Европската рамка на квалификации* и инсистирањето на создавање на *национални рамки на квалификации*, како директна мерка во поддршка на *Лисабонската агенда*, и
- Во делот на формалното образование – имајќи предвид дека тие се комплементарни едно со друго, преку воведување методи и приоди во областите на учење каде е вреден влогот од неформалното образование. Преку ова партнерство и комплементарност се подигнува свеста кај населението, особено на оние што се во рамките на формалниот образовен процес, за волонтирањето, доживотното учење и повеќестраноста во учењето, стимулирањето на натамошното учење и надградба, значењето на оспособениот и флексибилен човечки капитал за една земја и за Унијата.

За спроведување на сите овие политики врзани за сите видови образование и начелото на доживотно учење, на ниво на ЕУ обезбедени се механизми, и тоа програмите на ЕУ за финансирање на образованието, обуката и младите.

Во рамките на самата ЕУ, преку синергичен пристап од институциите на ЕУ, националните институции и над сè, невладините организации, се прават големи напори во насока на признавањето и валидацијата на неформалното образование, обука и учење, или патот до неа. Работата на валидација е толку напредната што се прават пописи на валидација, или пак се зборува за два чекора или ниво во НФО, еден кој се однесува на основни и елементарни квлификации и втор заснован на компетенции. Веќе се изнесени предлози за начинот на сертифицирање и кога тоа би требало да се случува. При зборувањето за квалитетот на валидацијата, дискурсот на работодавачите како крајни корисници на НФО и оној на испорачувачите на обуки не секогаш се преклопува, а често знае и да се надоврзува. Првите зборуваат за потреба од валидација на комптенции во однос на задачи и стратешки потреби, вторите пак, зборуваат за валидација во врска со наставните програми и плановите на работа. Притоа особено се води сметка да не се дојде до терминологија и практика на стандардизација, што автоматски го прави НФО многу ригидно и тешко подложно на адаптибилни промени.

Во ЕУ, во рамките на сите горенаведени политики за доживотно учење, постигнувањето на лисабонските цели, и јакнењето на улогата на НФО во градењето на човечкиот капитал, направено е поместување и создадена е една единствена транспарентна рамка позната под името **Еуропас (Euro pass).** Таа во себе содржи 5 инструменти: ЕУ биографија, еуропас мобилност, додаток кон диплома, додаток кон сертификат, и јазичниот пасош/портфолио. Дел од нив се темелат на самооценка, дел од нив се институционализирани.

Во истиот контекст, донесен е и **Јутпас** (**Youth pass**) – сертификат кој што се издава во рамките на спроведените активности од програмата на Заедницата за млади.

### *3.6. Невладините организации (НВО) и неформалното образование во ЕУ*

Она што треба да се нагласи е фактот дека улогата на невладиниот сектор во неформалното образование, на ниво на ЕУ веќе го има доживеано своето признавање, како политичко, така општествено и уште повеќе на индивидуално ниво. НВО секторот е клучен и инструментален во водењето и насочувањето на дикусиите за сите политики врзани за НВО – овде особено треба да се издвојат младинските. НВО се јавуваат и како креатори на политика, и како предлагачи, и како провајдери на НФО, а често пати, се јавуваат и како „регулатори“ во оваа нерегулирана и неформална сфера. Впрочем, и насоченоста на дел од финансиските инструменти на ЕУ (програмите на заедницата и програмите за структурни реформи и институционалното јакнење) за НФО, кои исклучиво и во најголем дел се насочени кон НВО, ја покажува и докажува свесноста и признаеноста на улогата на НВО во НФО.

Динамичниот развој на оваа проблематика наметнува потреба од промена на културата на однесувањето и на матрицата на размислување кај сите чинители во НФО. Посебно е важен ставот и улогата на работодавците кои се грижат за квалитетот на човечките ресурси во своите компании, со неопходна меѓусебна активна соработка, т.е. посебно е важно на ниво на ЕУ да се обезбеди исто и соодветно разбирање и однос кон НФО.  Имено, работодавците го признаваат НФО и постојано се грижат за надградба на вештините и компетенциите на своите вработени преку обука за работа, дури и преку обезбедување на висока сертифицираност на работната рака.  Но, од друга страна, пак, отсуствува современо и отворено размислување и визија за иднината на работната сила, што со последната економска и финасиска криза од светски размери стана апсолутно неопходно. Работодавците се клучни за добивање, но и за одржување на легитимитетот и кредибилноста на НФО.

Во време на чешкото претседателство од првата половина на 2009 година,  донесени се заклучоци за НФО, кои ја одразуваат единственоста на политичките експоненти на земјите членки на ЕУ, како и волјата за негова поддршка.  Во заклучоците децидно и експлицитно се вели:

- Признавање на НВО како главни испорачувачи на НФО и промоција/афирмација на НФО на сите нивоа;
- Развивање на рамка за обезбедување/осигурување квалитет за испорачувачите на НФО на ниво на ЕУ и на национално ниво;
- Младите луѓе треба да бидат вклучени во сите процеси во врска со нивното образование.

На крајот најсоодветна завршница за овој европски светски контекст е парафразираната мисла на Патрик Верквин од ОЕЦД дека сите видови образование и обука, или сите видови учење треба да бидат признаени, а само дел од нив треба да биде формализиран (сертифициран).

### *3.7. Што по 2010?*

Политиките на ЕУ во најчест случај се резултат на предвидување и визионирање. А обидот да се предвиди иднината е исплатлив на долги патеки, имајќи предвид дека целите секогаш се поставуваат компетитивно и во светски рамки. Оттаму, триаголникот на знаење (образование, истражување и иновација) како и „ажурираната рамка за европската соработка во периодот по 2010 година ќе постави 4 стратешки цели:

- Доживотното учење и мобилноста да станат реалност, а не исклучок.
- Да се подобри квалитетот и ефективноста на понудата/обезбедувањето и на исходите/резултатите
- Да се промовира еднаквоста и активното граѓанство
- Да се зајакне иновацијата и креативноста преку образованието и обуката.“ *(Јан Фигел, 29.10.2008, Париз)*

Република Македонија треба да ги координира, синхронизира, да се стреми и да ги следи тие трендови, да ги постави како свои, и да прави сè за да се постигнат. Неформалното образование е апсолутен чинител во тој процес, а улогата на невладиниот сектор во општеството, и секако во НФО е многу битен фактор за постигнување на посакуваните резултати, ниво на социо-економски развој и создавање на квалитетен и компетитивен човечки капитал во земјата.

## 4. Неформалното образование во Република Македонија

*Анализа на правната рамка и институционалните решенија во Република Македонија за неформалното образование и процесот на доживотно учење*

„Политиките во јавниот сектор треба да ја замислуваат иднината,
но и да се подготвуваат за неа денес.
Иднината секогаш почнува денес.“
Јан Фигел, Еврокомесар за образование, обука, култура и млади

### *4.1. Основни информации*

Првиот стратешки приоритет на Република Македонија е зачленување и интеграција во Евро-атлантските структури (ЕУ и НАТО). Оттаму, сите домашни политики, нивните ориентации, стратегии и законска рамка се усогласуваат примарно во согласност со условите за приклучување и влез во тие организации.

Република Македонија, е земја кандидат за придружување во ЕУ, членка на Советот на Европа, членка на Обединетите нации, и гради активни и продуктивни односи со останатите меѓународни организации (ОЕЦД, Светска Банка, ММФ, Франкофонија и др.). Оттаму, политиките, стратешките определби, одредниците, индикаторите, формалните и неформалните рамки во кои овие меѓународни сојузи и организации делуваат, претставуваат предмет на работа и активна примена во периодот во кој егзистираме. *Холистички пристап* би била претпочитаната ориентација, со која ќе се обезбеди усогласеност и навременост во обликувањето, формулирањето на активниот социо-економски дијалог во земјата, со инспирација и аспирација да станеме стабилна демократија со развиена економија темелена на знаење и силен човечки и социјален капитал.

Република Македонија е потписник и страна во најголем број на *меѓународните инструменти*, особено оние на системот на Обединетите нации (ОН) и на Советот на Европа. Тие се потпишани и ратификувани и претстатуваат дел од домашното законодавство со супремација. Од друга страна, кандидатскиот статус за придружување кон Европската унија (ЕУ) подразбира скоро постојан процес на усогласување, хармонизација и транспозиција на корпусот на европското право - *acquis communautaire*. Оттаму, сферата на образованието, во својата целокупност: формално, неформално и информално, законодавството и при-

менетите политики во јавниот сектор во Република Македонија се предмет на усогласување, менување, реформирање и прифаќање на нови решенија, стандарди и практики.

Важноста да се истражат, увидат, поврзат и сублимираат формализираните и неформалните, а сепак признати и прифатени облици на делување на меѓународните актери, и обединувањето на засегнатите страни и чинителите во сферата на НФО, во земјите во светот и на ниво на меѓународните организации, се огледа во веќе профилираните исцртани рамки/граници и досегнувања во НФО. Токму тие сознанија ќе имаат директно влијание и удел на она што претставува обврска, но, исто така и предизвик за сите актери во Република Македонија.

Дефинициите на видовите образование во Република Македонија се движат во следните рамки:

Формалното образование преставува образовен процес кој најчесто е насочен кон когнитивен развој и добивање квалификации во одреден временски рок. Формалното образование најчесто е од обврзувачки карактер и за него се добиваат признаени сертификати и дипломи.

Неформалното образование го опфаќа секој облик на организирано учење на доброволна основа, најчесто без добивање признаени сертификати.

Информалното образование претставува група непланирани образовни процеси, кои се случуваат секојдневно, во семејството, на работното место, или во слободното време на секој поединец.

Треба да се посочи дека Република Македонија, пред осамостојувањето, имаше дефинирана активна политика во доменот на НФО. Иако во тој систем, државата била таа која го обезбедувала спроведувањето на НФО во примарното, секундарното и терцијарното образование, фокусот на НФО не бил занемарлив. Тој се однесувал и на елементарните процеси, како описменување и создавање можности за заокружување на основното и средното образование кај возрасните, така и можности за лична надградба во извесен број вештини (јазици, занаети) и можност за помладата популација да реализира дел од своите интереси преку разни видови организирани активности надвор од формалниот систем. Во тој период забележително е постоењето и работата на андрагошкиот институт, кој во периодот на раната транзиција на земајта замира. Од тој момент до денес, научната работа, истражувањата, прилозите и учеството во креирањето на политиките од страна на стручната јавност се одвива на неорганизиран начин, повремено, без обезбедена можност за континуитет и институционална меморија за процесите на трансформација на општеството.

### *4.2. Анализи на тековните состојби*

Најголем дел од информациите за развојот на политките во образованието, и секако во доменот на НФО, може да се добијат од анализите и извештаите на Република Македонија до меѓународните организации каде сме членки. Преку нив се согледува и мери нашиот напредок во реформите и воведувањето на нови облици на работа, а особено во однос на капацитетот - законски, институционален, буџетски, ек-

спертски - да се спроведат тие реформи и политики. Овде треба да се споменат нашите редовни извештаи до институциите на ЕУ, редовниот дијалог од *Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Пристапното партнерство*; *годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, Извештаите и укажувањата од Европската фондација за обука (ЕТФ); извештаите од инструментите на ОН; националниот извештај како прилог кон извештајот CONFITEA VI* (*како можеби, најопсежна самоанализа на состојбите во сите видови образование во Република Македонија), извештаите до Советот на Европа под респективните инструменти, и секако укажувањата токму од телата на Советот на Европа; извештаите од Светската банка и др*. Треба да се додаде дека меѓународните организации во кои членуваме или кон чие членство се стремиме, сликата за напредокот на реформите и примената на усогласените политики во Република Македонија во најголем дел ја формираат преку извештаите за спроведувањето, капацитетот на институциите и реформскиот капацитет и волја во земјата, но и од проектите кои билатерално или мултилатерално се поддржани како поткрепа на спроведувањето на структурните и институционалните реформи.

*Националниот извештај на Република Македонија* од април 2008 година, како прилог кон *CONFITEA VI* е навистина еден многу вреден, сеопфатен и реалистичен документ, во кој отворено се нотираат сите процеси и недостатоци. Во однос на НФО, или како што е таму наведено, во образованието за возрасни, забележани се хаотичните состојби како во институциите, така и кај испорачувачите, како и перцепцијата и признаеноста на неформалното образование во сите сфери во општеството. Редовното известување и дијалог на техничко и политичко ниво со службите на ЕК, а во рамки на Процесот на стабилизција и асоцијација, и редовниот годишен *Извештај на ЕК за напредокот на Република Македонија во ПСА,* јасно ги бележи, како напредокот во реформите, така и недостатоците во однос на конкретни политики и усогласеноста, т.е. ориентираноста и фаќањето чекор со тековните и актуелните политики на ЕУ. Така, забележани се бавните заживувања на Законите за средно образование и за образование на возрасни во воспоставувањето на соодветната институционална рамка, забележано е отсуството на соодветно прибирање податоци и нивна статистичка обработка и презентација, отсуството на создавање политики засновани на докази (evidence based policy creation), и слабиот напредок во доменот на доживотното учење и во сферата на неформалното образование. Овие сознанија заедно со анализите на тековните состојби и препораки за нивно надминување може да се најдат во *Извештјаот на ЕТФ (European Training Foundation)* за македонските политики и приоритети во светло на насоките од политиките на ЕУ, од ноември 2008 година, кој е документ што ја дава најопсежната рентген снимка на состојбите во Македонија во сферата на образованието. Од друга страна пак, вреди да се напомне дека ЕУ, како најголем донатор, секогаш ги поддржува процесите на приспособување со соодветни финансиски инструменти за да ја помогне побрзата транзиција.

Во доменот на НФО, засега, единствената анализа на состојбите е изработена од НВО Триаголник – Центар за неформално образование, во документот *Неформалното образование како можност – ме-*

*ханизам и средство за намалување на невработеноста во РМ* (октомври 2008). Иако овој документ има ограничена мисија - анализа на улогата и ефектот на неформалното образование во Република Македонија, во смисла на изградба на капцитетите на индивидуално ниво, но и на ниво на општеството, како и неговото влијание врз проблемот на невработеноста во општеството, сепак, тој дава одличен пресек на состојбите во НФО како кај НВО секторот, така и кај институциите. Документот исто така содржи и податоци за нивото на информираност и свесност кај граѓаните за можностите во рамките на НФО и за можностите за личен развој. Спроведеното истражување става посебен акцент на поврзаноста и можностите од НФО за надминување на невработеноста.

Во јуни 2009 е објавен извештајот *Долг е патот до општество базирано на знаење – Македонското образование во светло на реперите и индикаторите за „Образование и обука 2010", програма за работа на ЕК,* во издание на ФИООМ. Документот ги анализира политките во доменот на образованието во Република Македонија посебно во светло на *Лисабонската агенда* и документот на ЕК *"Образование и обука 2010*", во смисла на постигнување и позиционирање на Македонија наспроти поставените цели. Овој извештај, преку призмата на *„Образование и обука 2010"* ги бележи недостатоците во македонското образование, забележани и во претходно наведените извештаи, повикува на конкретно преземање активности и мерки од страна на Владата за надминување на дел од состојбите, но и повикува на ревидирање на начинот на донесување политки во јавниот сектор кои треба да го поткрепат трансформирањето на образованието во согласност со европските практики, приоритети и перспективи.

### *4.3. Законски контекст*

Законската рамка за формалното образование во Република Македонија е во голема мерка заокружена и усогласена, но недоволна. Поновите решенија, заради нивната голема медиумска покриеност ѝ се добро познати на широката јавност: воведување деветолетка, задолжително средно образование, воведување нови наставни содржини, Болоња процес/декларација, систем на трансфер на кредити, матура и слично. Усогласувањето со законодавството, или подробро кажано, препораките и политките на ЕУ, исто така добиваат своја покриеност во информирањето на јавноста. Новина во овој домен е донесувањето и стапувањето во сила на повеќе стратешки документи и закони: *Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, Националната стратегија за вработување, Стратегијата за млади, Стратегија за информатичко општество, други секторски стратегии, Законот за волонтерство, Законот за воспоставување на Националната агенција за европски младински програми и мобилност, Законот за образование на возрасни, Иницијативата и акцискиот план за Декадата на вклучување на Ромите, Законот за еднакви можности и Националниот акциски план за еднакви можности, како и политиките на инклузија на маргинализираните и ранливите групи, и последниот документ пред усвојување - Националната стратегија за одржлив развој*.

Со истата законска рамка се регулира имплицитно и во поголема мерка индиректно, доменот на неформалното образование. Активната дебата, особено иницирана од невладиниоот сектор за уредување на политиките во оваа област е присутна, но не е широко позната – особено кај НВО секторот.

Законот во кој најексплицитно се обработува неформалното и информалното образование е *Законот за образование на возрасни* (јануари 2008), со што автоматски се исклучува примарното и претпримарното образование. Дури и во заживувањето на овој Закон сѐ се случуваше со големи застои. За илустрација, на крајот од скоро едногодишниот период на валидност на Законот, се донесе првата мерка - се избра директор на Центарот за образование на возрасни. До овој момент, Законот во суштина е во една фаза на етаблирање на институционалниот аранжман за негова примена, а во последните 6 месеци се работи на донесување акти за регистрација и работење на Центарот, мал број вработувања и размена на искуства со земјите од регионот каде што процесот е во напредна фаза.

Соработката со НВО секторот, како една од засегнатите страни во доменот на НФО, е многу повремена и недоволно развиена, што се должи не само на бавниот почеток во примената на Законот, туку и на состојбите во НВО секторот. Активниот дијалог по однос на акредитациите, идниот начин на регулирање на просторот и одбраниот модел кој ќе се применува, самиот процес на валидација, проверка и следење на испорачувачите на НФО програми во облик кој ќе обезбеди партнерски однос, широка запознаеност и транспарентност во работењето, во овој момент отсуствува (за волја на вистината, тој дијалог и учество во овој момент е обезбедено со учество на поединци од НВО секторот).

Самиот *Закон за образование на возрасни* има за цел да иницира и одржува позитивен и активен приод за образованието на населението од сите возрасни групи во текот на целиот нивен живот; да создаде услови за образовна мобилност; да создаде динамична соработка на образовните институции со потребите на пазарот на трудот, со јавниот, приватниот и невладиниот сектор; да ја зајакне соработката меѓу институциите на формалното и неформалното образование и да воспостави ефикасна соработка со НВО секторот; да помогне во создавање широка мрежа провајдери на НФО итн.

Законот треба да поттикне активности кои ќе придонесат кон:

- Намалување на процентот на неписмено население
- Да го прошири основното образование кај возрасните
- Да создаде можности за зголемување на знаењето, вештините за учење и вредносен систем за подобар квалитет на животот
- Да ги зголеми можностите и опциите за образование
- Да ја подобри социјалната кохезија
- Да создаде можности за образование и обука за потребите на пазарот на трудот
- Да го образова и обучи возрасното население во согланост со современите текови

Во суштина, обврските кои произлегуваат од Законот се навистина големи и комплексни. Гледано од перспективата на НВО секторот како партнер, но и испорачувач на НФО, сите активности кои произлегуваат од Законот се од интерес, но најголем интерес во моментот побудуваат две прашања: кога и како ќе се вопостави дијалогот со НВО испорачувачите на НФО програми како партнери и засегнати страни и, начинот на кој ќе се доделуваат акредитациите за испорачувачите, како ќе се доаѓа до сертификација, кој е приодот и процесот во валидацијата и колкави ќе бидат неговите способности да се приспособи на тие процеси.

*Законот за образование на возрасни* опфаќа и регулира еден сегмент од доживотното образовние и не претставува решение за обмислена, севкупна и кохерентна политика за доживотно образование. За илустрација, овој Закон не го опфаќа доменот на НФО во претшколска возраст и во примарното образование. Овој Закон го нема мандатот да го обезбеди признавањето на претходното образование и обука на работната сила (тие податоци, и покрај дигитализирањето на Агенциите за вработување, не се бележат бидејќи за нив не може да се најде законска основа). *Законот за образование на возрасни,* не е надлежен за организирање систем и развивање меотодологија за прибирање податоци и нивна статистичка обработка. Но, овој Закон може да му овозможи на Центарот за образовние на возрасни да иницира решавање на сите овие прашања во соработка со ресорното министерство и релеватните институции, и конечно, да го ревитализира проектот *Стратегија за доживотно образование*, со кој ќе се профилираат политиките и приодот на државата во создавањето, негувањето и инвестирањето во сопствениот човечки и интелектуален капитал.

Со донесување на *Законот за воспоставување на Националната агенција за европски младински програми и мобилност*, и со воспоставувањето на самата институција, нејзината екипираност и интензивна работа на процесот на сопствена акредитација при реленвантните институции на ЕУ, Република Македонија доби пристап до финансиските инструметни кои ги обезбедува Унијата за целосна примена на концептот за доживотно образование. Имено, Националната агенција ја има улогата на овозможувач на граѓаните и правните ентитети и НВО-а од Република Македонија активно да земат учество во Програмите на Заедницата за доживотно учење во периодот до 2013 година (Grundtvig, Comenius, Erasmus, Leanardo da Vinci, Jean Monet и Трансверзалната програма), како и програмата Млади во акција.Во таа смисла, гледано од перспектива на НВО активни во доменот на НФО, работата на Националната агенција и обезбедениот пристап до Програмите на заедницата за доживотно учење и Млади во акција, во голема мерка ќе обезбеди можности за одржливо работење, и над сѐ, размена и прифаќање искуства и добри практики од останатите земји кои земаат учество во овие програми години наназад.

### *4.4. Стратегија за доживотно учење*

Во Република Македонија, до овој момент, не е донесена Стратегија за доживотно учење или некаков друг стратешки или законски документ. Доживотното учење, сфатено како сенаменска активност на учење, која се презема во текот на целиот живот на поединецот со цел да се подобрат знаењата, вештините и компетенциите, во рамките на личната, граѓанската, општествената и/или перспективата на вработување (дефиниција на ЕК), е во иста смисла сфатено и во Република Македонија. Поднесена е иницијатива за донесување Стратегија, а од надлежното министерство освен прифаќањето на иницијативата, афирмативниот став и иницијално спроведениот прашалник во рамки на самото министерство, нема преземање на дејствија кои би подразбирале активна, партиципативна и инклузивна работа по неа. Национална стратегија за доживотно учење во суштина е документ кој ќе обезбеди интегрален однос на институциите и целосен опфат на сите процеси на образование во Република Македонија, од раѓање па до крајот на еден животен век. Во класична смисла, со неа би се опфатиле примарното, секундарното, пост-секундарното и терцијарното образование, иако сите овие сегменти се веќе опфатени со поединечни закони и национални планови кои се усогласени со ЕУ *acquis* и европските практики. Сепак, овие поединечни политики, законски и институционални поставености, неопходно е да се поврзат со стратегија на земјата за доживотно учење која ќе ги обедини, поврзе и во нив ќе ја насочи европската перспектива, ќе ги вклучи домените кои низ практиката се увидело дека не се опфатени или се пропуштени, ќе обезбеди единствен и унифициран пристап, особено кон неформалното и информалното образование.

Она што можеби и најмногу се очекува од таквиот приод е да ги приспособи постојните системи кон одржлива стратегија за доживотно учење, да го поврзе процесот на образование со пазарот на трудот, со посебен акцент на вештините, доживотното учење и мобилноста на населението, поврзување со научниот развој, овозможување разните облици на доживотно учење да заживеат, да се понудат и од образовниот сектор и од други испорачувачи и чинители во образованието како и тие да се валидизираат, т.е. да се дадат можности за образување и доживотно дообразовање надвор од постојните облици на формално образование, со што секој поединец ќе има и разновидни опции за сопствено образование, надградба и раст. Таквата стратегија ќе предвиди законски и административни решенија, институции и соодветни механизми за нејзино креирање, спроведување и надзор, и сето тоа ставено во изводлива временска рамка која ќе биде соодветно и реалистично буџетски поткрепена.

Во однос на неформалното образование, Стратегијата ќе обезбеди и ќе насочи кохерентен приод од најраните периоди во животот на човекот и ќе понуди опфатеност на сферите и можностите кои во овој момент не се опфатени, експлицитно наведени или поддржани со постојните закони и планови.

### *4.5. Европска рамка на квалификации и Национална рамка на квалификации*

Уште еден од европските документи и иницијативи кои треба да се опфатат во оваа анализа, кој е во директна врска со НФО, е Единствената рамка за квалификациите (ЕКР) и нејзиниот пандан дома, Националната рамка за квалификации (НКР). Овој документ, иако последно развиен во ЕУ во рамки на сите политики и трендови кои се однесуваат на образованието, во суштина ја заокружува сликата, како во однос на образованието, така и во однос на реалното и релевантното поврзување на образованието и пазарот на трудот со цел да обезбеди унифицираност на разбирањето на квалификациите кај сите работодавци во земјите членки на ЕУ, но и кај сите образовни системи кои продуцираат човечки капитал за потребите на пазарот. Со него исто така, се поттикнува мобилноста на работната рака, флексибилноста и информираноста т.е. нејзината образованоста во тековниот контекст, односно, таа обезбедува отелотворување на принципот на доживотно учење.

Во Република Македонија иницијалната работа на Националната рамка за квалификации е отпочната. Во 2009 година формиран е Национален совет/тело кое треба да работи на создавањето на НКР и на план за нејзина примена. Национално, прифатен е рокот кој важи за земјите членки за усогласување кон ЕКР со создавање и ставање во функција на НКР, а тоа е 2012 година. Во овие услови, и од овој момент на набљудување на состојбата во Република Македонија илузорно е, и речиси неможно, да се запази овој рок, имајќи предвид дека се познати искуствата од земјите членки и дека тој интензивен процес оптимално трае околу 5 години. Ова се нагласува со цел да се укаже на ризикот од донесување документ кој е неиздржан и неприменлив, а кога се имаат предвид демократските практики во 21 век, во овој момент, постои опасност тоа да биде документ кој доцна ќе ја вклучи јавноста - како стручната, така и широката - во процесот на изработка на НКР, транспаретноста на процесот и волјата да се вклучат учесници од сите три сектора во општеството.

Политиката на доживотно учење, која го опфаќа во целост неформалното образование, НКР и примената на валидното законодавство и донесените акицски планови, неопходно бара реалистично, а сепак забрзано димензионирање на мерките и активностите, а над сè, тоа подразбира соодветно и реалистично буџетско планирање. И овде се утврдени параметри во однос на триаголникот на знаење (образование, истражување, иновации) во рамки на самата ЕУ врзани директно за *Лисабонската стратегија/декларација* и конкретно, во документот *„Образование и обука 2010“.* Со оглед на економската состојба во која се наоѓа Република Македонија, тековната светска економска и финансиска криза, постигнување на тие цели во однос на буџетските проекции, ова ќе претставува мисија која тешко ќе се исполни. Но, и покрај тоа, не треба да се губи фокусот во сите овие активности и напредокот во процесот на европска интеграција во сферата на доживотното учење.

Во спроведувањето на концептот за доживотно учење и признавање, афирмација и валидација на НФО, во голема мерка финансиската поддршка ќе доаѓа и преку инструментот за претпристапна помош на ЕУ - ИПА, преку Програмите на Заедницата, како и преку одделни проекти на извесен број мултилатерални и билатерални донатори.

Покрај прибирањето и истражувањето на документи и извештаи, како и анализата на  производи од проекти спроведени од невладини организации во Републиката, во однос на НФО и општо, во однос на реформите и трансформациите во сферата на образованието, со ова истражување се направи и увид во состојбите со НФО во Р. Македонија, односно *теренското истаржување*. За таа цел, се подготви *анкетен образец* преку кој се истражуваше состојбата, капацитетите и перцепциите, подготвеноста и очекувањата на преставниците од невладиниот сектор активни во сферата на НФО (беа офпатени и извесен број економски оператери и институции од јавниот сектор). Покрај анкетата, се спроведоа серија *интервјуа* со претставници на државните институции релевантни и надлежни за развојот, спроведувањето, промоцијата и валидацијата на НФО, со преставници/застапници на приватниот сектор и со преставници од невладиниот сектор.  Преку тие разговори и интервјуа, се потврдија дел од сознанијата добиени преку анкетата, но и се дојде до нови сознанија посебно за начинот на основање и функционирање на Центарот за средно стручно образование, за работата на Националната агенција за европски младински програми и мобилност, за корисноста и начинот на организирање на обуката и користењето на сопствените ресурси и испорачувачи на НФО од страна на државната администрација. Се дискутираше за европската перспектива, за генезата на донесувањето на *Законот за образование на возрасни*, модели за издавање акредитации за НФО испорачувачи, самиот процес на валидација, условите и критериумите, но и за неможноста на извесен број институции да дадат придонес, или своја перспектива за НФО, односно сознанија за нивото на познавање на проблематиката за доживотно учење и НФО како нејзин составен дел во дел од надлежните институции, како и за низа други информации кои ја надополнуваат и оформуваат сликата за состојбите во Република Македонија во доменот на НФО.

## 5. Невладините организации: актер и засегната страна во НФО

Главниот фокус на оваа анализа е препознавањето и афирмацијата на НФО преку перспективата на невладините организации во Република Македонија како актери, чинители/засегнати страни и испорачувачи на НФО. Притоа, не губејќи го од вид сегашниот момент и процеси во земјата, т.е. процесот на промени познат како процес на интегрирање, приближување и придружување кон Европската унија.

Во овој продолжен период на транзиција во кој се наоѓа Македонија, невладиниот сектор имаше клучна улога во доменот на неформалното образовние. Го имаше, и сè уште го има, искуството од двете страни, како примател и давател на услуги, но, исто така, како трет сектор ја има и улогата и одговорноста на активен чинител во животот, политиките и практиките во земјата.

Покрај законската рамка која ја регулира работата и функционирањето на граѓанските здруженија во Република Македонија, и валидните закони во доменот на образованието, до скоро не постоеше закон или одредба во постојното домашно законодавство со кој се уредува улогата и работата на НВО во НФО. Законот за образование на возрасни треба да го направи тоа во извесна, но не и во целосна смисла.

Невладиниот сектор во изминатите скоро две децении активно се развиваше и растеше токму поради неговата изложеност и отвореност кон обуки и подучувања во разни сфери и теми, и се најде во состојба да биде и испорачувач на услуги на подучување и предавање за сите три сектори во општеството. Ситуацијата до почетокот на новиот милениум беше скоро апсурдна кога се во прашање „меките вештини“ на управување и создавање политики, каде што НВО секторот беше далеку поподготвен и пообучен од државниот/јавниот сектор. Токму во таа ситуација, почна активната соработка со НВО и користењето на услугите од органите на управата во стекнувањето на знаењата во врска со создавањето политики, стратешкото планирање, или управување со проектниот циклус. Ова беше еден од облиците на зајакнување на довербата меѓу двата сектора, но и подобрување на соработката.

Од друга страна, вреди да се напомене дека сегашните позитивни законски и подзаконски одредби воопшто не го признаваат овој влог, знаење, и/или стекната вештина кога е во прашање вработување во државната управа, или пак, напредокот во службата. Ситуацијата е нешто подобра кога е во прашање приватниот сектор, а особено поволна кога се работи за обуки кои се меѓународен стандард за определени струки.

До денес, во однос на улогата и местото на НВО во НФО, направени се мал број истражувања, анализи или пресеци на состојбата, а уште помал е бројот на обидите да се отпочне дијалог и да се оствари платформа или начела околу кои би се обединиле НВО во однос на НФО. Имено, освен повремени пресеци направени од неколку невладини организации на разни регионални настани и една анализа изработена од НВО Триаголник – Центар за неформално образование на тема, како и информациите содржани во националниот извештај, односно прилог кон CONFITEA VI, не постојат поконкретни информации за состојбата и трендовите кај НВО во однос на НФО.

Оттаму, ваков вид проект и анализа со спроведување на анкета е секако добредојдена. Овој проект, со наведените активности придонесува кон ширењето и споделувањето на информацииите меѓу НВО но и пошироко, подигнувањето на свеста за потребата од делување и обединување, и поттикнување разговор и дијалог за тоа каде и, како да се насочат идните напори на НВО активни во доменот на НФО во Македонија. Воедно, анализата треба да ги поттикне НВО да земат проаткивна улога во создавањето на националните политики во европскиот исцртан контекст. Овде треба да се напомене дека постои законска и институционална рамка која нуди простор и можности за директна интервенција: *Законот за средно стручно образование, Законот за образование за возрасни, Законот за воспоставување на Националната агенција за европски младински програми и мобилнсот, Законот за волонтерство, Стратегијата за млади, Стратегијата за образование на Република Македонија, Стратегијата за интеграција во Европската унија* и други акти и документи кои се валидни или се наоѓаат во подготовка, како на пример, за сега неактивната иницијатива за *Национална стратегија за доживотно учење.*

Во македонскиот НВО свет во однос на НФО, неговото афирмирање и препознавање, како и мошне активното следење на европската и регионалната сцена, голема и скоро особена улога имаат младинските организации. Ова доаѓа како резултат на нивната поинтензивна поврзаност со процесите на ниво на Европа, како и од потребата за активно создавање на политиките во земјава во тој домен, кои скоро секогаш се врзани за европскиот контекст. Токму овие организации (со младински предзнак) може да бидат носители и иницијатори на процесите на преземање на позитивните и добрите искуства од другите земји, иницијатори на вмрежување и учества во платформи, формални и неформални облици на функционирање, обединување околу принципите на обезбедување квалитет и валидација на НФО.

## 6. Наоди од истражувањето

*„Со посети на семинари и обуки надвор од Македонија,*
*ќе завршам постдипломски студии во Македонија.*
*Значи, она знаење кое неформално го стекнувам надвор,*
*тука плаќам за да го верификувам.*
Изјава на претставник на невладина организација

Клучна компонента на истражувањето беше спроведувањето на анкетата, односно прашалниците со помош на кои ќе се направи анализа на тековните состојби кај засегнатите страни/чинители во доменот на НФО во однос на информираност, валидација, акредитација, познавање на ЕУ политиките, познавање на домашните состојби и слично. Самото истражување беше направено со помош на екстензивен прашалник со преку 70 прашања и бројни потпрашања, а беше дистрибуиран до 120 организации/институции. Беа вратени 63 пополнети примероци. Со оглед на тоа дека невалдиниот сектор брои околу 6000 здруженија на граѓани, а помалку од половина од нив се активни, бројот на НВО кои работат во сферата на НФО е значително помал по број, но нивната улога во општеството е неминовно голема. Треба да се нагласи дека прашалникот беше испратен до организациите и им беше оставено доволно време за да го одговорат.

Прашалникот беше организиран во 7 батерии прашања, кои содржеа прашања за внатрешната организација и прашања на управување со човечките ресурси, кои се секогаш деликатни, а најголем дел од прашалникот беше посветен на перцепциите за НФО, за НВО секторот и за сопствената подготвеност да се помине низ процес на акредитација.

Не е зачудувачки фактот дека најголем дел од НВО доаѓаат од двете најголеми агломерации во државата, Скопје и Битола, што, пак, од друга страна, зборува и за нерамномерниот развој на НВО секторот во Република Македонија. Изненадува податокот дека доминатен дел од организациите се формирани во последните 6-8 години. Најголем број од организациите дејствуваат на полето на активното граѓанство, работата со млади и образование/обука, а повеќе од половината организации се мали по обем и не работат со бројно членство.




Кога станува збор за обучувачите во овие организации, преку анкетата се доаѓа до податокот дека најголем дел од нив завршиле соодветна обука, најголем дел од нив при образовни организации и тоа преку курсеви и семинари. Должината на обуката варира од 1 ден до 1 година (на последното отпаѓа над 30%).



12. Дали вашите обучувачи ги завршиле обуките преку курсеви и семинари?




Интересен и за поздравување е податокот дека над 90 проценти од испитаниците и натаму посетуваат обука за своја надградба дека поголем дел од организациите издвојуваат средства за обука, што зборува за развиената култура и нивото на свест кај организациите од потреба за вложување во сопствениот човечки капитал. Податокот од скоро 70% дека имаат потреба од нов обучувачки кадар, пак, зборува за побарувачката на пазарот и за квалитетот на обуката која се нуди. Над 60% од организациите обезбедуваат повремено средства за нов кадар.

16. Дали имате потреба од нов обучувачки кадар?






Во делот на прашањата за перцепцијата за себе и за НФО, 76,2% одговориле дека не се дел од формалното образовние, а дури 11% не се сигурни, додека над 90% од организациите одговориле дека доаѓаат, односно работат во доменот на НФО.



Скоро 43% од организациите доделуваат дипломи за спроведените обуки, а 46% го прават тоа повремено. Од друга страна, на прашањето дали доделените сертификати и дипломи се признати во Република Македонија, процентот на позитивни и негативни одговори е приближен. Кај најголем дел од испитаниците постои уверување дека дипломите и сертификатите кои ги доделуваат не се признати во формалниот образовен систем.






На прашањето дали знаат која институција издава лиценци за доделување сертификати и дипломи, најголем дел од испитаниците одговориле дека не знаат, а извесен дел од нив смета дека тоа го прави Министерството за образование и наука. Ова зборува дека најголем дел од организациите не се запознати со постојните закони кои го уредуваат ова прашање.




На прашањето во кој период е прифатено НФО во земјата, најголем дел од испитаниците одговориле дека тоа се случило во последните 2-3 односно 5-8 години. Кога овој податок ќе се стави во сооднос со податокот за старост на организациите т.е. за бројот на години на нивно дејствување, говори за појавата и растечката потреба од обуки, но и растот на свеста кај оние што имаат потреба од ваква обука. Со други зборови, прифаќањето на НФО од страна на широката јавност и професионалната јавност во последнава декада е во нагорен/позитивен тренд.




Најголем дел од организациите сметаат дека обуките кои ги изведуваат се признати или делумно признати во општеството, но повеќе од 50% од испитаниците немаат познавања за состојбата во регионот или во ЕУ, што од своја страна зборува за нивото на интерес на организациите за состојбите надвор од границите на Република Македонија, но и за визијата, поточно за нејзината ограниченоста. Од друга страна, пак, на прашањето дали таквите обуки се прифатени во ЕУ, дури 70% одговориле позитивно.






На прашањето дали им е познато дали постои унифицирана рамка за признавање на НФО во Европа, дури 61% одговориле дека не им е познато. На прашањето дали работат во согласност со европските инструметни: ЕУ портфолио, Јутпас, Еуропас, ЕКР, Болоњската декларација, дури 53,3% одговориле негативно, а на висок процент - на 28,3%, тоа не им е познато. Кај оние 18,3% кои работат во согласност со некоја од алатките, тоа најчесто  се европското портфолио и Еуропас. Она што во најголема мерка интригира во однос на оваа серија прашања и што постојано се потврдува, е големиот јаз и неинформираност на НВО секторот за тековните политики и донесени инструменти на ниво на ЕУ.






На прашањата за состојбите во Република Македонија, се добија многу интересни одговори. Дури 74,2% сметаат дека Република Македонија треба да ги прифати и признае европските исхтрументи, додека на прашањето дали постои законска регулатива во Република Македонија која го регулира НФО, 38% дале дециден негативен одговор, а на 41% тоа не им е познато. Оние 21% кои одговориле позитивно и сметаат дека постои з акон кој го регулира НФО во Македонија, на прашањето дали таа регулатива се применува, во идентичен број, 43%, одговориле дека не се применува и дека не им е познато. Кај организациите кои работат во доменот на НФО постои позитивно мислење за фаќањето чекор со европските состојби, но од друга страна, постојат слаби познавања на домашната сцена: најголем дел од нив не знаат за законските уредувања и дали воопшто тие постојат, а скоро идентичен е процентот на оние што не знаат дали тие се применуваат.






Оттука, не зачудува и високиот процент од 96,8% како позитивен одговор на прашањето дали Република Македонија треба да донесе регулатива во областа на НФО.




На прашањето за свесноста дека доколку се донесе таква регулатива, тие ќе треба да се лиценцираат 66% одговориле по зитивно, но повторно е висок процентот (23%) на оние што не се информирани и не знаат. Соодветно на тоа, одговорот на прашањето дали вашата организација ќе може да биде акредитирана, 56% одговориле позитивно, но дури 35% не знаат.




Од друга страна, пак, позитивен е односот и подготвеноста кон прашањето „дали сте подготвени да го поминете процесот на акредитација", каде што 81% одговориле позитивно.



На прашањето дали со стадардизирање и акредитација ќе се подобри статусот на НВО, 48% имаат верба дека тоа ќе се случи, а висок процент, 38%, сметаат дека умерено ќе се подобри.




*Од прашањата за перцепциите на НВО секторот активен во НФО, може да се заклучи дека постои голем процент - над 40% - од вкупниот број испитани организации кои немаат никакви познавања за НФО, за признавањето и прифаќањето во регионот, за состојбите во рамки на ЕУ,како и за состојбите во Република Македонија.На моменти процентите на одговори со „не ми е познато" се толку високи (35%) што укажува дури и на индифирентен однос кон материјата. Ова зборува за итна потреба од информираност, дисеминирање/ширење информации и подигнување на нивото на свест, со цел да се постигне не само информиран однос кај нив во однос на состојбата во која се наоѓаат, туку и проактивен однос за потребата од надградување на позитивниот однос и став дека би сакале да се воспостави практика и систем на акредитација.*

По прашањето дали со верификацијата и стандардизациајта ќе се дојде до подобрена соработка на НВО со образовните институции и приватниот сектор, 38% одговориле позитивно и сметаат дека значително ќе се подобри, а 33% дека умерено ќе се подобри. Во текстуалниот дел, објаснувањата се движат од подобрување на нивото на разбирање на НФО, до соработка, вмрежување и партнерство, размена на искуства, предавачи и стилови, како и заедништво во постигнување на стандардизирана акредитација.




Според возрасната структура, најголем број клиенти во НФО се на возраст меѓу 15 и 45 години, што зборува дека во тие години работната сила е високо заинтересирана за надградба на своите знаења и вештини. *Но, исто така, и фактот дека возрасната структура над 46 години е анимирана и покажува интересирање во многу мал процент, а притоа имајќи го предвид податокот дека во Македонија стапката на невработеност е над 35% и најголем дел од невработнеите се долгорочно невработени во 4-тата и 5-тата декада од животот, зборува за културата, за дискриминацијата по основ на возраста и недоволните активни мерки за опфаќање на оваа популација и нејзино вклучување.*



Кога станува збор за тоа од каде доаѓаат клиентите за обуките, податоците укажуваат на рамномерна застапеност на секторите - јавен, приватен и невладин. Додека пак на прашањето за општествна категорија, резултатите се совпаѓаат со оние за старосните категории: најголем дел од слушателите се вработени, студенти, ученици и невработени, а најнизок процент на опфатени општествени категории се домаќинките, пензионерите, земјоделците, лицата со посебни потреби и т.н.

Најголем дел од испитаниците како причини поради кои најчесто следат обуки ги навеле: проширување на сопственото знаење (26%) и за полесно да дојдат до работа (22%). Најголем борј од слушателите се поединци (43%), а потоа следат организациите (37%), што пак од друга страна зборува и за интересот на организациите да вложуваат во својот кадар.




НФО организациите кои зедоа учество во оваа анкета понекогаш ги објавуваат своите обуки (47%), а 31% од нив тоа редовно го прават. На прашањето дали ги испорачуваат обуките на јавни тендери и огласи, одговорите *да, не и понекогаш* се скоро поеднакво присутни. Организациите најчесто се јавуваат на тендери огласени од други НВО или од меѓународни организации. Ова пак укажува на фактот дека многу помал број од огласите доаѓаат од јавниот и приватниот сектор. (*Кога е јавниот сектор во прашање, сè уште постои зависност од странските донации и фондови, што во суштина е скриен податок за тоа за кого се наменети обуките*).




Во однос на подготовката на обуката, најголем дел од испитаниците (83,8%) велат дека ја изведуваат обуката по утврдени програми, 51,55% велат дека програмите се нивен производ, а скоро исто толкав е бројот на оние што работат со лиеценцирани програми. 55,6% тврдат дека понекогаш користат и итнернет ресурси, а 34,9% тоа го прават редовно. Овде најчесто се повикувааат на информации во слајдови, користење итнернет, користење бази на податоци, а само неколкумина посочија дека користат софтвер. Скоро 60% од анкетираните одговириле дека обуката ја вршат по специјално дизајнирани програми за одредена целна група, а околу 30% тоа го прават понекогаш. Најголем дел од анкетираните, обуките ги изведуваат во траење од неколку денови, а интересно е да се забележи дека постојат и изведувачи на обуки со траење и од една година.



На прашањето дали наплаќате за спроведените обуки, 54,8% одговориле негативно, а 21 % позитивно, што упатува на заклучок дека испорачувачите на НФО сѐ уште во голема мерка се субвенционирани, т.е. работат со средства кои ги добиле на огласи или преку проекти.




Од добиените податоци, повеќе од две третини од анкетираните обуките ги изведуваат со два и повеќе предавачи. Во однос на прашањето за бројот на обуки кои секој од анкетираните ги изведува, најголемата коцентрација одговори е во опфатот 1-10 обуки (53,3%) и 11-20 обуки годишно (21,7%). Само мал процент изведуваат над 51 обука годишно (овде може да се заклучи дека се работи за работничките универзитети).



Во врска со партнерствата и соработките, 73% од анкетираните организации кажале дека повремено соработуваат со партнери, а 22% пријавиле дека тоа го прават редовно. Притоа, најголем број од партнерствата се со други невладини организации (38%) и со независни експерти (31%). 52% тврдат дека искуствата со партнерите се многу добри, а 25% дека се одлични – ова во суштина упатува на тоа дека висок процент од провајдерите на НФО имаат волја, практикуваат и се задоволни од партнерствата и соработките. *Она што останува како интересен податок и увид во состојбата е дека соработката со образовниот и со приватниот сектор е малку застапена. Ова е индикација за тоа дека на ова поле треба да се работи, особено кога се има предвид европската перспектива, лисабонската агенда и инвестицијата во образованието и мобилноста и флексибилноста на кадарот.*




Во однос на анализата на податоците од спроведените обуки и тренинзи, најголем дел (90%) од анкетираните ја имаат практиката да бараат пополнување оценувања од страна на слушателите, а 10% не го прават тоа редовно. Во однос на целата батерија прашања во врска со оценувањата, анализата на добиените повратни информации, практиката на коригирање на работата/предавањето, прибирањето статистика, и објавувањето на податоци, општо земено, постои многу позитивна и воедначена практика и искуство. Оној дел во кој очигледно практиките и навиките се најслаби и најнедоследни е известувањето, објавување и публикувањето на информациите. Ова, пак, е директно поврзано и со непостоењето методологија, начин и место на прибирање на податоците.

Што се однесува до проверката на стекнатото знаење, најголем дел од организациите ја спроведува, и тоа 37,7% го прават тоа редовно, а 36,1% го прават тоа провремено. Најчест начин на проверка е писмениот тест (29,1%), потоа компјутерската проверка и комбинираната. 80% од анкетираните одго-

вориле дека не се акредитирани да ја спроведуваат проверката, а 78, 3% искажале желба и подготвеност да бидат акредитирани за вршење проверка на знаењето. Од друга страна, пак, 15% не знаат дали би сакале да бидат акредитирани за вршење проверка, т.е. немаат став кон ова прашање. *Ваквиот незанемарлив процент остава слика и впечаток дека постои непознавање за овие можности, или пак немање интерес.* Веднаш на ова се надоврзуваат и одговорите на следното прашање за подготвеност за акредитација за проверка на знаењето, каде што 65% изјавиле дека се подготвени, а 21,7% не знаат.




Прашањето за тоа дали испитаниците спроведуваат активности за промоција на НФО исто така дава интересни резултати. Половината од анкетираните (53,4%) тврдат дека тоа го прават редовно, додека пак 20,7% тоа го прават повремено. Изненадува резултатот од 25,9% каде што анкетираните се изјасниле дека не го прават тоа. *Преку вака високите проценти на организации инволвирани во НФО, со ориентација на основната дејност во НФО, а кои не работат на промоција на НФО и немаат став по однос на акредитацијта за проверка на знаењето, се поставува прашањето дали соодветно се работи на внатрешна комуникација, како и констатацијата дека не постои соодветна и доволна информираност за НФО. Тоа, пак, на некој начин ја става под прашање и самата функција на организациите.*




Последната батерија прашања се однесува на односот меѓу НВО и образовните иснтитуции. Најголем дел од анкетираните (68,3%) тврдат дека сертификатите кои ги издаваат не се официјално признат степен на образование, што пак е во директна врска со препознавањето и признавањето на НФО во општеството.




На прашањето дали образовните институции го прифаќаат НФО, одговорите се во голема мерка амбивалентни, при што најголем дел од анкетираните (39,7%) одговориеле негативно. Воедно, анкетираните во висок процент, 53,7% сметаат дека образовните организации сè уште не го признаваат НФО.




Односот и видот на комуникација меѓу НФО испорачувачите и академските/образовните институции е видлив и во следното прашање, каде што дури 63,5% од анкетираните не знаат дали образовните институции се подготвени да ги вклучат НФО програмите во во нивната редовна работа. Воедно, постојат несигурности во познавањето дали дел од НФО курсевите се воведуваааат во редовните наставни програми. Од друга страна, пак, на прашањето дали соработуваат со образовните иснтитуции во испорачувањето на обуките, две третини од анкетираните тврди дека го прави тоа, и тоа 37,1% редовно, а 33,9% повремено. Од тексуталните одговори, се гледа дека соработката е присутна во сите нивоа и степени на образование и со сите образовни институции, што зборува за разнообразноста на соработката и за можноста тоа да се направи во секој домен од формалното образование.  Исто така, соработката со образовните институции е високо ценета.




На крајот од анкетата, на прашањето во каква состојба е НФО во Република Македонија, 65,6% одговиреле дека е многу добра. На прашањето дали јавноста го разбира НФО добивме мошне контроверзен индикатор, имено 62,5% од анкетираните сметаат дека тоа не е случај. Оние 17,2% што сметале дека јавноста го разбира НФО, натаму одговориле дека јавноста го прифаќа НФО.






Како заклучок, оваа анкета навистина ја отслика состојбата со перцепцијата на НВО секторот за целиот концепт на НФО, за состојбите во однос на законската рамка и политиките на Република Македонија, за самите себеси и за недостатоците во информираноста и познавањето на конкретните политки во НФО во ЕУ, кои би требало да бидат транспонирани во Република Македонија. Оставен е широк простор за работа и консутлација, за анимирање, информирање и обука на испорачувачите на НФО и на нивно кохерентно делување. Ова се само дел, или подобро кажано, ова се почетни предизвици за НВО во НФО во непосредниот период што доаѓа.

## 7. Работата на фокусните групи

По спроведувањето на анкетата и прибирањето на податоците, се одржаа две тркалезни маси со фокусни групи составени од претставници од разни испорачувачи на НФО. На тркалезните маси се одзваа вкупно 29 организации (невладини организации, економски оператери и јавни установи).

Темите кои се обработуваа на двете средби беа идентични и се однесуваа на начинот на утврдување на потребите на пазарот за НФО, резулатите од учењето (learning based outcomes), акредитацијата, валидацијата односно стандардизацијата, и конкуренцијата како позитивна или негативна појава.

Работата со фокусните групи овозможи да се развие продуктивен дијалог и да се прикажат искуствата на сите партнери во доменот на НФО, што поттикна натамошна размена на искуства. Имено, беше разговарано за тековниот контекст на функционирање на испорачувачите на НФО, нивната организираност или неорганизираност, позитивните практики во таа смисла, како и за дел од неуспешните искуства. Беа прикажани искуствата на саморегулација кај здружението на лекарите и посебно кај здружението на психоаналитичарите со развивање стандарди и критериуми. Се разви дискусија околу улогата на донаторите и одржливоста на некои обиди за вмрежување, со осврт на работата на мрежата/асоцијацијата EQUALS, која успеала да дојде до извесен степен на саморегулација на испорачувачите на НФО по англиски јазик, како и тековните проблеми на нејзиното функционирање и единство.

Од отворените дискусии извесно беше дека секој сектор - приватниот, јавниот и невладиниот - имаат своја перспектива и се увиде дека досега, не биле во ситуација да разговараат за НФО како заедничка тема и заеднички интерес.

Дискусијата околу утврдувањето на потребите за конкретна обука исто така беше доста разнородна, и се допре темата на следење на нови и последователни трендови. Од излагањата и дискусиите, беше заклучено дека секој доаѓа на различен начин до податоци за потребите и во согласност со добиените податоци, ја ориентира својата идна работа и понуда. Доаѓаат до информации за побарувачката преку оценувањата, методологиите, извештаите, како и од пријавените потреби, и тоа најчесто преку медиумите.

Темата за резултати/исходи од учењето (learning based outcomes), беше во многу мала мерка дискутирана, и воглавно се водеше во насока на тоа дали се издаваат сертификати и дали се проверува знаењето по одржаната обука.

Темата на конкуренција беше наметната како тема за нелојална конкуренција, но по дискусиите стана јасно дека најголем дел од учесниците на фокусните групи гледаат на таа појава како на здрава и нормална.

Темата на акредитација, валидација и стандардизација повлече најголем број дискусии и размена, и се надоврза на темата за Законот за образование на возрасни, соработката меѓу НВО и соработката со релевантните институции во овој домен. *Интересно беше дека на првата средба мал број организации*

*се огласија по однос на Законот, а оние што ја прифатија дискусијата имаа негативен став. Од друга страна, пак, на втората средба дискусијата беше многу пожива, продуктивна и без дилема се заклучи од скоро сите учесници дека е неопходно НВО секторот активен во НФО да се организира, да се прошират информациите за НФО и да се отпочне дијалог со соодветните институции и чинители во доменот на образованието за возрасни, но и во доменот на формалното образование.*

Од дискусиите развиени со фокусните групи повторно можеше да се заклучи дека проблемите, или недостатоците се лоцирани на повеќе точки: свесноста за НФО и целиот концепт, информираноста за европскиот контекст, нејаснотиите околу термините, недоволната информираност меѓу НВО за можностите за организирање, соработка и работа на препознавањето и признавањето на НФО, со исклучок на дел од актерите кои се многу долго активни во овој домен. Имено, кај дел од учесниците во фокусните групи особено беше видлива разликата во познавањето на материјата и длабината на ангажирањето во однос на признавањето на НФО. Исто така, беше очигледно неразбирањето на концептот на НФО како инклузивен, разединетоста и инертноста во однос на можностите за заедничко делување, како и во однос на можностите и адресирање на потребата од признавање и валидација на сопствената работа. Забележително беше и отсуство на какви било ставови кај добар, но не и доминантен дел од учесниците во фокусните групи. Имено, наодите од спроведената анкета се потврдија, а од друга страна, пак, беше интересно да се потврди и постојната разлика во мислења кај дел од нив.

Фокусните групи ја постигнаа својата цел, но направија и многу повеќе од тоа. Не само што беа настан на кој се разменија, и уште повеќе, се добија информации, туку за првпат се успеа најголем дел од доминантно присутните испорачувачи на НФО во Македонија од невладиниот, приватниот и јавниот сектор да разменат информации за оваа проблематика, за сопствените проблеми, но и позитивни искуства и практики. Најголем дел од учесниците заминаа со доволно материјал за размислување и поттикнати за натамошно давање и добивање информации.

## 8. Заклучоци

*„Сепак, најголемата задача пред нас е да се промениме самите себеси, во нашите глави. Без оглед на тоа како политиките на ЕУ поставуваат предизвици и го обликуваат нашето образование и обука, ние треба да си го реформираме нашето размислување за да бидеме во состојба да градиме нов углед“.*
Ондржеј Олиска, министер за образование на Чешката Република.

Од анализите на состојбите во ЕУ и во Република Македонија воочливо е дека состојбите во Македонија во однос на НФО се навистина на самиот почеток од развојот. Видливо е губењето врска, т.е. губењето на нишката што го поврзува пред-транзицискиот период и продолжената транзиција, со што е создаден вакуум, а со губењето на институциите надлежни за областа, се изгубила и институционалнта меморија за дел од НФО.

Човечкиот капитал во Република Македонија е во опаѓање, за што сведочат студиите на неколку меѓународни организации (најголем дел од семејството на ОН), статистичките податоци, стапката на невработеност и опаѓањето на квалитетот на образованието на кадарот во периодот на чекање вработување. Воведувањето мерки како обврзното средно образование и засилениот фокус на развој на терцијарното образование финансирано од јавниот сектор, ја потврдува таа состојба и свесноста за неа. Во дадениот момент, не е утврдена методологија по која се прибираат или обработуваат податоците за НФО и инвестирањето во човечкиот и интелектуалниот капитал на земјата, како комплементарна мерка и образование, и соодветно на тоа, не постојат бази на податоци и статистички податоци за оваа проблематика. Да се работи на **развивање база на податоци, и/или информатички систем и методологија за прибирање податоци**, нивна статистичка обработка и ставање во соодност со останатите податоци за образованието, животниот стандард и човечкиот капитал на земјата во согласност со утврдените методологии кои постојат на меѓународно ниво, е една од примарните неопходни мерки кои треба да се преземат.

Во врска со планирањето и стратегиите од кои неминовно произлегуваат најголем дел од законските решенија, очигледно е отсуството на отворена дебата, дискусија или планови за развивање на **холистички пристап во однос на доживотното образование.** Имајќи ја предвид високата стапка на невработеност во земјата и стратификацијата на образовната структура на населението, ова се наметнува како императив. Ова подразбира **развој на Национална стратегија за доживотно образование**, која на синергичен начин ќе се осврне на побарувачката, пазарот на трудот, современите и идните трендови во технологиите и економските функции, проследена со соодветни реформи во примарното, секундар-

ното и терцијарното образование, неформалното и информалното образование, и институционален капацитет за спроведување на донесената легислатива. Со други зборови кажано, Република Македонија треба да развие холистички приод и интегрално решение за доживотното образование како концепт од понов датум и динамика соодветна за современието и европските определби. Во моментот, постои иницијатива за создавање Национална стратегија за доживотно учење, но таа е заборавена во институционалните лавиринти.

Втор крупен проект, во светло на Националната стратегија за интеграција во ЕУ, и во светло на сите образовни и реформски процеси кои се во тек, како и позитивното национално законодавство, е итната посветеност на државните структури на **создавање на Националната квалификациска рамка** по примерот и укажувањата на Европската квалификациска рамка. Ова ќе овозможи координирање, усогласување и забрзување на сите процеси на реформи во доменот на формалното, неформалното, и информалното образование и развојот на економијата во согласност со Лисабонската агенда, Процесот на стабилизација и асоцијација и со конечното придружување на Македонија кон ЕУ. Во моментот, донесена е стратешка одлука и е формиран Националниот совет, но неговата активност и функционирање е дискутабилна, имајќи предвид дека роковите кои се поставени се нереалистично кратки (2011).

Се наметнува потребата од **активен однос и внимание насочено кон развојот на најновите политики и современиот дискурс во ЕУ**, заради постигнување усогласеност со трендовите на политиките кои ќе треба да се прифатат и донесат. Лисабонската агенда, Образование и обука 2010, Попис на валидација на НФО, Болоњскиот процес и т.н. се само дел од трендовите и политиките.

Законот за образование на возрасни нуди можности за **партнерство и дијалог** со сите три столба на општеството, нуди можности и простор за продуктивни решенија. Сето ова треба да се стави во функција преку позитивен однос на партнерите и сериозно заживување на институционалните аранжмани кои ќе го обезбедат спроведување на Законот. Законот за образование за возрасни, во согласност со својот назив, го третира образованието на возрасни, но не и на другите категории граѓани. Поточно, не го покрива работењето во основните и средните училишта, самиот образовен процес, а уште помалку се осврнува на сферата на претшколското (неформално) образование.

Општи заклучоци:

- Неопходно е обезбедување **целосно спроведување на Законот за образование за возрасни и обезбедување институционална структура** која ќе ја даде соодветната поддршка во тој процес.
- Во однос на тековните состојби со НФО, неопходно е да се зајакнат и омасоват **активностите за подигнување на нивото на свеста за НФО**, потребата и можностите кои произлегуваат од активно учество и негово користење. Овде апсолутно се мисли на активности кои ќе бидат насочени кон широката јавност, со посебен акцент на економско-социјалните партнери. Ова претставува иделна можност за соработка и партнерство на владниот, невладиниот и приватниот сектор.

- Ширење на информациите и **застанување зад концептот на доживотното образование и зад концептот на општество темелено на знаење**, особено од Владата и од НВО секторот. Во таа смисла, не би било идеално да се оди и чекор понатаму – да се премине од концептот на општество темелено на знаење, кон новата динамика и реалност, а тоа е **општеството на учење**, како континуум и прифатена состојба.
- **Подигнување на нивото на свеста и негување на проактивниот однос особено кај НВО организациите** кои се посветени на неформалното образование, неговото одржување, развивање, диверзифицирање, препознавање и признавање, кон себе и кон другите.
- **Запознавање на пошироката НВО јавност** со концептот на доживотно образование и учење, придобивките од него и можноста за активно учество и придонес.
- **Запознавање на пошироката НВО јавност** со концептот на неформално образование, придобивките од него и неговата комплементарност на формалното образование, и можноста за активно учество и придонес.
- **Запознавање на пошироката НВО јавност** со потребата од **изедначен приод и разбирање**, од потребата за градење мрежи и партнерства, коалиции и алијанси, со цел афирмација, признавање и препознавање на активностите и придонесот на НФО.
- **Прифаќањето, приспособувањето и примената на европските принципи во валидацијата на НФО** треба да биде императив и водилка во создавањето на македонскиот контекст на неформалното образование.
- **Запознавање на широката јавност, НФО и НВО јавноста и фокус на резултатите/исходите од учењето (learning outcomes).**
- Правење напори да се создадат **индикатори за НФО** и поставување соодветни **методологии за прибирање и обработка на статистички податоци** за неформалното образование претставуваат дел од предизвиците и работата која треба да се заврши во следните неколку години.
- **Синергетско, координирано и над сè, комплементарно делување по пат на партнерства и продуктивни соработки со институциите надлежни за неформалното образование**. Таквиот приод ќе овозможи рационализирање на ресурсите и ефикасност, но ако се воспоставаат партнерства со кои ќе се воведе определена култура и практики кои гарантираат професионализам и висок квалитет во НФО, како и можност за директен и активен инпут на НВО секторот во креирањето на политиките во овој домен. Воспоставувањето на таков однос **меѓу испорачувачите и актерите во НФО и јавниот сектор** ќе доведе до навремена и соодветна запознатост и информираност, со можност за **конструктивен дијалог и влог**, без страв и црни сценарија.
- Во таа смисла, треба да се внимава да не се дојде до идеја, став или дискурс за преголемо формализирање, што би довело до опасност од високо издигната пречка во однос на критериуми-

те и условите, со наметната ригидна стандардизација. Неформалното образование, сепак е неформално и е комплементарно на формалното образование.

- Се наметнува потребата од активен и **продуктивен однос на НВО секторот во однос на валидацијата, акредитацијата и признавањето на НФО**, а во одредени случаи и примена на саморегулацијата како еден од поуспешните модели на валидација, афирмација и признавање.
- Неопходна е што побрза информираност, запознатост и апсолутна вклученост на **локалните самоуправи,** со отворање на можностите за развој на НФО како директен придонес во економско-социјалниот развој на локално ниво.
- Неопходна е **поддршката од државата, донаторите** и секако проактивен однос кон искористување на сите **европски програми** и инструменти за промоција, информирање, подигнување на нивото на свеста за НФО, јакнење на коалициите и соработките и вмрежување во регионот и во ЕУ.
- Како неминовна се наметнува потребата од воведување култура на размислување со која ќе се прифатат искуствата на сите актери кои воселе **позитивни практики**, го препознале и признале поттикот и вредноста на НФО и кои можат да служат како мултипликатори или пренесувачи на тие добри практики.
- На крајот, неопходно е стремежот за **влез во ЕУ** да значи не какво било придружување, туку **информирано и подготвено, креативно ориентирано подготвување,** со што ќе се овозможи Република Македонија да додаде вредност и да црпи идеи од веќе воспоставените автохтони процеси и успешни проекти, добри практики и домашни решенија.

## 9. Користена литература


2nd dialogue on the Recognition of non-formal education, www.esn.lv/2nd-dialogue-recognition-nonformal-education

A European Inventory of Validation of non-formal and informal learning, Norway, Odd Bjoern Ure. www.ecotec.com

Validation of non-formal and informal learning, Conclusion of the Council and of the representatives of the Governments of the Member States meeting with the Council on Common European Principles for the identification and validation of non-formal and informal learning (May 2004) http://ec.europa.eu/education/policies/2010/doc/validation2004_en.pdf

Validation of the non formal and informal learning in Europe – comparative approaches, Challenges and possibilieties, Michel Feutrie (ppt), http://www.vsy.fi/doc/B_Comparative_approaches_-_Challenges_and_possibilities_Michel_Feutrie.ppt

Validation of non-formal learning in the context of Slovenian Qualifications Framework, Slava Pevec Grm, National institute for VET, http://ec.europa.eu/education/policies/educ/eqf/conference/pevec_en.pdf

Долг е патот до општество базирано на знаење, Македонското образование во светло на реперите и индикаторите за "Образование и обука 2010" – Програма за работа на Европската комисија, Сузана Пецаковска и Споменка Лазаровска, ФОСИМ, Скопје 2009

Decision No 1720/2006/EC of the European parliament and of the Council of 15th of November 2006 establishing an action programme in the field of lifelong learning, Official Journal of the EU L 327/45-46 of 24.11.2006

Europass,http://ec.europa.eu/education/programmes/europass/index_en.html

European cooperation in Education and training http://ec.europa.eu/education/policies/introduction_en.html

European strategy and cooperation in education and training ,http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc28_en.htm

"Education & Training 2010" Main policy initiatives and outputs in education and training since the year 2000, European Commission, Directorate for Education and Culture, Coordiantion of LLL Policies, January 2007

European Commission White Paper, A New Impetus for European Youth, http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/com/2001/com2001_0681en01.pdf

European Framework: Milestones in formal and social recognition of non-formal and informal learning in youth work, Hans Joachim Schild, Euroepan Commission, DG Education and Culture, Youth Unit, http://www.salto-youth.net/download/410/Milestones%20Recognition.ppt

European Qualifications Framework for lifelong learning – Implementing the Community Lisbon Programme, proposal for Recommendation of the European Parliament and the Council (September 2006) http://ec.europa.eu/education/policies/edu/eqf/com_2006_0479_en.pdf
EU Youth Report: Youth – Investing and Empowering, 27 April 2009, http://ec.europa.eu/youth/news/doc/new_strategy/youth_report_final.pdf
Human Resource Development activities in Macedonia in the light of Lisbon Agenda Goals (ppt), Center for Institutional Development - CIRa
Закон за средно образование (пречистен текст), Сл. Весник на РМ бр. 52/2002
Закон за средно стручно образование, Сл. Весник на РМ бр. 71/2006
Закон за изменување и дополнување на законот за средно стручно образование, Сл. Весник на РМ бр. 117/2008
Закон за високото образование, Сл. Весник на РМ бр. 35/2008
Закон за образование на возрасни (пречистен текст), Сл. Весник на РМ бр. 7/2008
Закон за основање на националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Сл. Весник на РМ бр. 113/07
Закон за волонтерство, Сл. Весник на РМ бр. 85/2007
Informal and non formal learning and frameworks in the development context, UNESCO Institute for Lifelong Learning, 2009, http://www.etf.europa.eu/Web.nsf/0b48b8b071a6e703c12570c1002fa98d/8d06137df53194a7c1257552005e770b/$FILE/30%20Jan%2002%20Informal%20and%20non%20fomal%20learning%20(UIL_ETF%20UNESCO).pdf
Concept of Adult Basic Education, Ministry of Education and Science and Bureau for Development of Education, Skopje, March 2006
Key Competencs for lifelong learning, Recommendation of the European parliament and the Council (December 2006)
http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/site/en/oj/2006/l_394/ l_3942006123en00100018.pdf
Lifelong Learning, Council Resolution June 2002) http://ec.europa.eu/eur-lex/en/com/cnc/2002/com2002_0779en01.pdf
Live&Learn, ETF, Issue 13, May 2009, www.etf.europa.eu
Национална програма за развој на образованието 2005-2015, Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2006
Национална програма за усвојување на правото на ЕУ, Секретаријат за европски прашања, http://www.sep.gov.mk/Default.aspx?ContentID=23
National Report of the Republic of Macedonia, Development and state of the Adult Learning and Education (ALE), Ministry of Education and Science, April 2008 (contribution to CONFITEA VI), http://www.unesco.

org/fileadmin/MULTIMEDIA/INSTITUTES/UIL/confintea/pdf/National_Reports/Europe%20-%20North%20America/The_former_Yugoslav_Republic_of_Macedonia.pdf

Неформалното образование како можност – механизам и средство за намалување на невработеноста во Република Македонија, Триаголник – Центар за неформално образование, октомври 2008 г.

NFE Book – The impact of Non-formal Education on Young People and Society, AEGEE Europe,http://www.karl.aegee.org/calendar.nsf/07d334f5f50239f6c1256db0006596ae/f400bfe1704254f4c125746f00751121/$FILE/nfe%20book.pdf

NFE Indicator Development, Margarete Sachs-Israel, Unesco, January 2006 (ppt), www.unescobkk.org/fileadmin/user_upload/aims/NFE-MIS_Jan2006/NFE_Indicators_BKK.pdf

Non-formal Education on Balkans, Report from the Regional Conference, Sarajevo September 20-21 2007, Centar za promociju Civilnog drustva www.civilnodrustvo.ba

Non-Formal Education Management Information System (NFE-MIS), Unesco, 2007, http://unesdoc.unesco.org/images/0015/001588/158825e.pdf

Pathways towards Validation and Recognition of Education, Training and Learning in the Youth Field, http://www.eaea.org/doc/working_paper_en.pdf

Policy Paper on Non-Formal Education - a framework for indicating and assuring quality, Adopted by the Council of Members / Extraordinary General Asembly, 2-3 May 2008, (Castelldefels, Catalonia, Spain), Youth Forum Jeunesse

Policy paper on Recognition of non-formal education> Confriming the real competencies of young people in the knowledge society, Adopted by the European Youth Forum, council of Members, Extraordinary General Assembly, Brussels, 11-12, November 2005

Quality indicators of Lifelong Learning – Fifteen Quality Indicators, Commission Report based on the work of the Working Group on Quality indicators (June 2002) http://ec.europa.eu/education/policies/lll/life/report/quality/report_en.pdf

Quality in non-formal education and training in the field of European youth work, Helmut Fennes and Hendrik Otten, September 2008

Recognition of non-formal and informal learning, Dr. Patrick Werquin, OECD, CERI, Expert workshop for the preparation of the DECOWE conference, Ljubljana, 17.04.2009, http://www.decowe.com/static/uploaded/htmlarea/files/2009-04-17-Ljubljana-RNFIL-Patrick-Werquin-EN.pps

Recommendation REC (2003)8 on the promotion and recognition of non-formal education/learning of young people, Council of Europe, https://wcm.coe.int/ViewDoc.jsp?id=21131&Lang=en

Recommendation of the European Parliament and of the Council for Key Comptences for Lifelong learning, http://ec.europa.eu/education/policies/2010/doc/keyrec_en.pdf

Report on Macedonian Education Policy and Priorities in the light of the EU's Policy Directions, IPA COM WP07 11 08, Kuzmanoska Irena, Janevski Vesna, Stojanov Vesna, Kermicieva-Panovska Afrodita, ETF 2008,

Status of the recognition of Non-formal Education, Guillaume Mernier – AEGEE Education Working Group expert on NFE, July 2007, http://www.projects.aegee.org/educationunlimited/files/Non-formal_Education_brief.pdf
Summary of the General comments of the Working Groups, Conclusions of the Youth Event, Check Presidency, 2009, http://ec.europa.eu/youth/news/doc/conclusion_cz_presidency/conclusions-of-the-youth-event.pdf
The European Qualifications Framework (EQF), http://ec.europa.eu/education/lifelong-learning-policy/doc44_en.htm
The European Qualifications Framework for Lifelong Learning (EQF), http://ec.europa.eu/education/policies/educ/eqf/eqf08_en.pdf
The Lisbon Strategy – a key priority of the European Commission, Jose Manuel Barroso, President of the European Commission, ETUC Conference, Brussels, 1 March 2005
Towards a European Qualifications Framework for Lifelong learning, Commission Staff Working document (July 2005)
http://ec.europa.eu/education/policies/2010/doc/consultation_eqf_en.pdf

Исто така, беа посетени и користени интернет страниците на:

www.mon.gov.mk
www.bro.gov.mk
www.sep.gov.mk
www.stat.gov.mk
www.na.org.mk
www.etf.europa.eu
www.cedefop.europa.eu
http://ec.europa.eu/education/
http://ec.europa.eu/commission_barroso/figel/index_en.htm
www.coe.int
www.oecd.org
www.worldbank.org
www.undp.org.mk
www.unesco.org
www.hajdeda.org.rs

Д-р Иван ДОДОВСКИ

# Препораки за унапредување на неформалното образование во Република Македонија

# **Поглавје 3:** Препораки за унапредување на неформалното образование во Република Македонија

## 1. Вовед

Овој документ содржи препораки за унапредување на неформалното образование во Република Македонија. Тие се надоврзуваат на резултатите од истражувањето на оваа тема (види извештај) спроведено во рамките на проектот „Препознавање и афирмација на неформалното образование во Република Македонија“. Проектот го спроведува Младинскиот културен центар – Битола, а поддржан е од Институтот за трајни заедници со фондови од УСАИД. Препораките пред сè произлегуваат од прочит на соодветните закони, подзаконски акти и други документи и од дискусии на повеќе од 50 засегнати страни што зедоа учество на еден семинар и три јавни расправи организирани во рамките на споменатиот проект во периодот јуни-октомври 2009 година.

Голем дел од препораките имаат општ карактер и меѓусебно се дополнуваат. Сепак, од практични причини, тие овде се претставени посебно, имајќи ги предвид различните аспекти: законската рамка и стратешките документи, работата на Центарот за образование на возрасните како главна надлежна институција, работата на понудувачите на услуги во областа на НФО и унапредувањето на јавната свест за НФО. Се настојуваше препораките да се изнесат кратко и прегледно, со куси објаснувања или примери каде што е тоа неопходно. Се појде од уверувањето дека многу детали можат да се најдат во извештајот од споменатото истражување и во други документи, а дека овој документ – во форма на сублимирани препораки – треба да има пред сè практична димензија и да помогне при планирањето на следните активности за унапредување на НФО во РМ.

Две општи теми се основа на сите останати препораки: законската регулатива и јакнењето на свеста за НФО. Постојат поделени мислења дали и во која мера НФО треба да биде регулирано од страна на државата. Од една страна, се согледува потребата од воведување ред во оваа област преку стандардизирање и верификација на програми за НФО. Од друга страна, се јавува страв од преголема државна регулација (со што би се изгубила и суштината на НФО), како и од нетранспарентен процес на верификација што отвора можност за коруптивни практики и политички и други влијанија. Исто така, се констатира дека јавната свест за важноста на НФО во контекст на доживотното учење е на ниско ниво.

Затоа се предлага продолжителна работа за афирмација на НФО и негово препознавање од страна на заедницата во контекст на доживотното учење.

Во овој документ под терминот „засегнати страни“ главно се подразбираат здруженијата на граѓани, институциите и поединците што учествуваа во гореспоменатиот проект, освен ако не е поинаку објаснето. Со терминот „НФО“ се означуваат организирани процеси на учење насочени кон оспособување на поединците за работа, за социјални активности или за личен развој (наспрема „формалното образование“, кое подразбира институционализирано учење во државни и приватни установи според јавно признати програми, од една страна, и „информалното образование“, односно нестандардизираното учење, кое не подразбира организиран процес на стекнување компетенции - на пример, вештини стекнати на работното место, преку искуство и на друг начин, од друга страна).

## 2. Законска рамка и стратешки документи

- *Закон за образование на возрасните*. Иако одредбите од Законот за образование на возрасните (донесен во јануари 2008 година) недоволно ги регулираат прашањата поврзани со НФО, тоа не е непремостлива пречка за регулирање на НФО преку донесување подзаконски акти и за негово унапредување преку развивање соодветни програми. Сепак, на среден рок, треба да се разгледа можноста за измени и дополнувања на овој закон или, пак, за донесување посебен Закон за НФО, кој на соодветен начин ќе ја регулира оваа материја. Притоа, треба да се има предвид дека и други закони (на пример, Закон за средно стручно образование и Закон за вршење занаетчиска дејност) на посреден начин се однесуваат на некои аспекти на НФО. Идните законски решенија треба да го појаснат следново:
  - Здруженијата на граѓани (на пример, оние што развиваат програми за млади или за маргинализирани групи) што со Законот за образование на возрасните не се дефинирани како социјални партнери (такви партнери се мнозинскиот синдикат и коморите) да добијат експлицитно право да се стекнат со статус на понудувачи на услуги во областа на НФО исто како и социјалните партнери;
  - Да се утврдат условите, стандардите и критериумите за организирање и верификација на програми за НФО што се наменети за лица помлади од 15 години, односно за оние што не се опфатени со постојниот Закон за образование на возрасните;
  - Да се разгледа можноста понудувачите на услуги да имаат право на користење средства од јавни фондови не само за програми верифицирани во РМ, ами и за спроведување меѓународно верифицирани програми без да бидат принудени тие програми да ги верифицираат и во РМ;
  - Да се регулира дејноста на работничките и народните универзитети по укинувањето на неколку членови од Законот за образование на возрасните од страна на Уставниот суд на РМ што се однесуваа на нивната работа; МОН има покренато иницијатива ова прашање да се регулира со посебен закон.
  - Повторно да се воспостави практиката што била законски наложена во минатото, според која работодавачот не може да испушти работник без овој да помине соодветна обука за промени во кариерата (career transition unit).
- *Подзаконски акти*. Во согласност со Законот за образование на возрасните, ЦОВ има предложено пет подзаконски акти (правилници) со кои се утврдуваат условите, стандардите, критериумите и постапката за организирање, верификација (лиценцирање), сертификација, документација и евиденција на програми за НФО, како и формите и начините на водење Централен регистер на верифицирани (лиценцирани) понудувачи на услуги во областа на НФО. Овие подзаконски акти

се изработени од стручен тим на ЦОВ, со техничка помош од странски консултант (во рамките на проектот за доживотно учење на МОН на РМ). Во тек е проверка на овие правилници од страна на правната служба на МОН, по што се очекува министерот за образование и наука да ги усвои до крајот на 2009 година. Голем дел од засегнатите страни сметаат дека постапката за донесување на овие подзаконски акти е само формално задоволена, а тие не добиле можност да се изјаснат и да дадат свои предлози. Се препорачува поголема транспарентност во донесувањето подзаконски акти што директно се однесуваат на интересите на засегнатите страни.

- *Национална рамка на квалификации*. Меѓуресорска експертска група работи на изготвување НРК, што треба да биде донесена во форма на Закон за НРК и усогласена со Европската рамка на квалификации. Се очекува (според некои - нереално) НРК да биде донесена до 2012 година, со што ќе се овозможи поекспилицитно и јасно дефинирање на квалификациите и на нивната намена, ќе се олесни признавањето на компетенции и мобилноста на работници и ученици на националнo и меѓународно ниво и ќе се изедначи квалитетот на понудувачите на образовни услуги. Од особена важност е НРК да ги опфати и посебните аспекти на доживотно учење преку верификација на НФО. Голем дел од засегнатите страни сметаат дека е потребна поголема транспарентност во постапката за донесување на Законот за НРК, особено преку вклучување здруженија на граѓани и други понудувачи на услуги во областа на НФО.
- *Стратегија за развој на образованието на возрасните*. Во согласност со Законот за образование на возрасните, во февруари 2009 година Владата на РМ формира Совет за образование на возрасните, кој има предложено нацрт Стратегија за развој на образованието на возрасните во контекст на доживотното учење. Се очекува МОН да ја усвои оваа стратегија до крајот на 2009 година, а акциониот план за спроведување на стратегијата да биде изработен во почетокот на 2010 година. Голем дел од засегнатите страни сметаат дека постапката за донесување на оваа стратегија е само формално задоволена, а тие не добиле шанса да се изјаснат и да дадат свои предлози, особено во врска со НФО. Се препорачува поголема транспарентност во донесувањето на овој документ и на акциониот план за негово спроведување. Притоа, се нагласува загриженоста за две работи. Дали една стратегија за образование на возрасните би ги опфатила проблемите во НФО на лица под 15 години? И, уште поважно, како да се одговори на потребата од посуштински реформи за да се усогласат стандардите во формалното и во неформалното образование со цел да се овозможи флексибилна патека на лична кариера и доживотно учење? Во оваа смисла, се поставува и прашањето: дали, заправо, би било посоодветно и покорисно донесувањето на Национална стратегија за унапредување на НФО?
- Општа препорака е дека законската регулатива и стратешките документи во областа на НФО треба да се темелат на европските искуства, со нужно приспособување на добрите практики на потребите во РМ.

## 3. Центар за образование на возрасните

ЦОВ е јавна установа за образование на возрасните и фукционира како посебно правно лице. ЦОВ е главна институција што е задолжена за креирање политики за развој на образованието на возрасните и за усогласување на јавниот интерес и интересите на засегнатите страни во областа на образованието на возрасните во РМ. Иако со Законот за образование на возрасните се предвидуваше оваа установа да биде основана во рок од три месеци од денот на влегување во сила на законот, ЦОВ беше основан од Владата на РМ со задоцнување, во ноември 2008 година. Како нова институција, ЦОВ е во процес на соодветно просторно и техничко опремување (до крајот на 2009 година), а во следните неколку години претстои и вработување на нови кадри (во моментов се вработени 7 лица, а со ситематизацијата на работни места се предвидени до 47). Со оглед на тоа дека имало извесно задоцнување при воспоставувањето на оваа установа, може да се разбере напорот за донесување брзи решенија што ќе овозможат непречена дејност. Сепак, таквиот пристап не смее да биде на штета на квалитетот на донесените решенија, ниту да ја превиди потребата од транспарентни постапки за нивно донесување. Препораките за развој на ЦОВ што се изнесени подолу се однесуваат, главно, на овозможување транспарентна работа и развивање соодветни политики и програми.

- Се препорачува изработка на методологија на избор и вклучување на засегнати страни (здруженија на граѓани и други понудувачи на услуги во областа на НФО). Тоа ќе му овозможи на ЦОВ опфат на засегнати страни поширок од оној предвиден со Законот за образование на возрасните (кој споменува државни органи и институции и социјални партнери). Покрај формалната, законски утврдена застапеност на претставници на засегнати страни во Управиот одбор на ЦОВ, се предлага партиципативен модел што ќе овозможи редовни консултативни контакти со поширок круг засегнати страни, кои ќе можат да даваат предлози за унапредување на работата на ЦОВ.
- Се препорачува транспарентна работа на ЦОВ при предлагање подзаконски акти и стратешки документи, како и при изработка на годишни планови и на посебни програми. Транспарентноста во работењето на ЦОВ може да се постигне преку различни форми на вклучување на засегнатите страни и поголемо информирање на јавноста. Тоа ќе придонесе да се намали констатираниот страв од некотролирана државна регулација и централизирано одлучување што остава можност за коруптивни практики и политички и други влијанија.
- Во согласност со Законот за образование на возрасните, ЦОВ распишува јавен конкурс, ги разгледува програмите поднесени од понудувачите на услуги и - врз основа на претходно утврдени критериуми и стандарди - дава предлог за верификација до МОН, а министерот издава лиценци. За сите лиценцирани понудувачи на услуги и за нивните верифицирани програми се води Централен регистер во МОН (таков регистер може да се води и во општините на чие подрачје работат пону-

дувачите на услуги). ЦОВ треба да овозможи јасна, лесно достапна и соодветна информација за постапката и критериумите за верификација и лиценцирање. Самата постапка треба да биде што поедноставна, олеснета и релативно брза, со цел да се поттикне интересот на понудувачите на услуги за јавно верифицирање на своите програми.

- Природно е да се очекува на конкурсот на ЦОВ да се јават понудувачи на услуги што работат во различни области и да пријават најразновидни програми. ЦОВ нема доволно кадар за оценка на сите можни програми, па затоа се препорачува транспарентен избор на надворешни стручни лица што ќе вршат оценка на пријавените програми. Покрај тоа, се препорачува изработка на стандардизирана форма на рецензирање на пријавените програми со цел да се овозможи јасна и прецизна оценка и можност за отстранување на евентуални пропусти во пријавените програми. Со тоа ќе се намали и ризикот од произволни оценки, корруптивни практики или политички и други влијанија во постапката за верификација на програми и лиценцирање на понудувачи на услуги.
- При давање препорака за верификација на одредени програми, ЦОВ треба да има предвид дека во одредени области (особено во некои стопански гранки) се случува брз напредок и се налагаат нови знаења и компетенции. За таквите случаи треба да се предвиди покус рок на важење на издадената лиценца, односно можност за повторна верификација на програми по истекот на одредениот рок. Ова ќе овозможи и поголема доверба (особено кај деловниот сектор) кога станува збор за програми верифицирани преку ЦОВ.
- ЦОВ дава предлог до МОН за верификација на програми од државен интерес, согласно со утврдени критериуми и стандарди. Тоа не значи дека државата забранува да се спроведуваат програми што не се верифицирани на овој начин. Сепак, тоа создава проблем за некои понудувачи на услуги што спроведуваат меѓународно верифицирани програми, а не можат да користат средства од јавните фондови за спроведување на овие програми доколку тие не се верифицирани во РМ. На пример, постојат понудувачи на услуги чија дејност има комерцијален карактер, чии корисници се стопански субјекти (компании) и чии програми се верифицирани од страна на меѓународни институции и следат некој меѓународен стандард (на пример, ИСО). За ваквите случаи треба да се најде начин со кој ќе се избегне „двојното“ верифицирање. Како што веќе беше споменато погоре, се препорачува измена (доточнување) на Законот за образование на возрасните или на подзаконските акти така што ќе се предвиди исклучок или, во полош случај, поедноставена процедура за верификација на меѓународно верифицирани програми.
- ЦОВ треба да работи на оптимизирање на понудата на програми за НФО и на зголемувањето на транспарентноста на процесот за нивно верифицирање и спроведување со средства од јавни фондови со цел да се заштедат јавните расходи и да се постигне поголема јавно добро.
- ЦОВ треба да развие поголема соработка со други министерства и државни институции за да го наметне НФО како можност за зголемување на достигнувањата во која било област. (Во оваа смис-

ла, може да биде илустративен примерот од некои европски земји, каде што земјоделците или други целни групи немаат право да користат државни субвенции без претходно да поминат јавно верифицирана обука, што ќе придонесе да се остварат планираните цели на субвенционирањето или јавниот интерес.)

- ЦОВ треба да развие поголема соработка со стопанските комори и деловниот сектор за да ги утврди нивните потреби. Од друга страна, треба да ги поттикне и да им помогне на понудувачите на услуги своите програми да ги приспособат на тие потреби.
- За разлика од Агенцијата за државни службеници, која се занимава со квалификување државни службеници со цел да се подобрат услугите кон граѓаните, се препорачува ЦОВ да се насочи кон други целни групи (особено ранливите и маргинализираните групи, највозрасните и младите) и да поттикне програми што ги земаат предвид нивните потреби.
- ЦОВ има потреба од помош за теренско истражување и квантитативна анализа на потребите за НФО, за утврдување целни групи, како и за поставување прироритети. Политиките и програмите што ги развива ЦОВ треба да се темелат на соодветно прибирање податоци, на статистички индикатори и на квалитативна обработка, односно на докази. За да се оствари ова, се препорачува изработка на методологија за прибирање, обработка и чување на податоци, како и соработка со надлежните државни институции и со широк круг понудувачи на услуги. Овде особено се истакнува можноста за партнерски проекти со здруженија на граѓани што веќе работат во различни заедници, што се во непосреден контакт со одредени целни групи и што имаат увид во нивните потреби.
- Се препорачува програмата за работа на ЦОВ во 2010 година да опфати засилени активности за информирање на понудувачите на услуги, одделни целни групи и јавноста воопшто за работата на ЦОВ. Со посебно внимание треба да се поттикне интересот на понудувачите на услуги за верификација на нивните програми и за соработка со ЦОВ. Тоа може да се постигне на повеќе начини, како на пример: поставување интернет страница на ЦОВ, која ќе биде богата со јасни, разбирливи и навремени информации; издавање популарен билтен во печатена и електронска форма со можност за бесплатна претплата на секој што е заинтересиран; организирање јавни презентации, средби и дебати во повеќе средини и за различни целни групи; спроведување јавна кампања, соработка со медиуми, итн).

## 4. Понудувачи на услуги во областа на НФО

Според некои податоци, постојат околу 600 субјекти во РМ што се регистрирани за вршење образовна дејност. Не е лесно да се утврди кои од нив нудат услуги во областа на НФО. Но, независно од нивниот број, тие можат да се поделат во три групи: а/ оние што главно нудат услуги за стручно неформално образование (работнички и народни универзитети); б/ здруженија на граѓани, кои главно нудат услуги за стекнување општествени и граѓански компетенции, културна свесност и изразување; и в/ деловни субјекти што нудат услуги за стекнување јазични, комуникациски, научни, технолошки, информатички, претприемнички, стручни и други компетенции. Секоја од овие групи има посебни интереси. Не е лесно, но не е и неможно да се постигне заеднички придонес на трите групи за унапредување на НФО во РМ. Притоа, потребно е да се имаат предвид следниве забелешки и препораки:

- Третата група понудувачи на услуги (деловните субјекти) покажува најголем отпор кон централизирано државно верифицирање на нивните програми. Еден дел од нив претпочитаат еснафска (струкова) себерегулација или, пак, предлагаат посебно законско регулирање за понудувачите на услуги од деловниот сектор (наспрема оние од невладиниот сектор).
- Исто така, третата група понудувачи на услуги смета дека програмите на другите групи понудувачи на услуги што се нудат бесплатно (односно се организираат со финансиска помош од странски донатори) создаваат погрешни очекувања и слаба мотивација за НФО и ги поткопуваат напорите за јакнење на свеста за важноста на НФО (особен пример е јавната администрација како целна група).
- Се истакнува и тоа дека идеал на НФО треба да биде корисата од испорачаната обука и задоволството на учесникот во неформалното учење (корисникот, клиентот), а не формалното верифицирање. Со други зборови, цел да биде квалитетот, а не регулирањето.
- Се препорачува поголема соработка меѓу академските стручњаци, од една страна, и практичарите (искусните обучувачи), од друга страна, со цел академските знаења да се стават во функција на практичните потреби, односно да се развиваат квалитетни програми што одговараат на промените во одделни области.
- Еден дел од засегнатите страни предлагаат создавање асоцијација на понудувачи на услуги во областа на НФО заради полесно остварување на нивните интереси и координирање на нивната работа. Исто така, се охрабрува усогласувањето на напорите што ги прават постојните еснафски и други асоцијации, коалиции и мрежи на понудувачи на услуги. Потребен е проактивен однос на здруженијата на граѓани, деловните субјекти и другите понудувачи на услуги и нивно задничко дејствување за зголемување на јавната свест за НФО.

## 5. Унапредување на јавната свест за НФО

Резултатите од споменатото истражување спроведено од МКЦ - Битола и дискусиите со засегнатите страни укажуваат на загрижувачки ниска јавна свест во РМ за важноста на НФО. Компетенциите и вредностите што се стекнуваат преку програми за НФО не се доволно препознаени во заедницата, но и од деловниот сектор; на нив често се гледа неутрално или, во поретки случаи, негативно. Исто така, огромен број понудувачи на услуги, иако директно се засегнати, истакнуваат дека не се доволно запознати со процесот на регулирање на оваа материја, ниту пак добиле можност да учествуваат во него со свои предлози. Со оглед на сето тоа, се предлагаат следниве идеи и препораки:

- Потребна е широка јавна промоција на концепт на доживотно учење, а во тие рамки и за важноста на НФО. Таквиот напор треба да ги истакне и можностите што се нудат преку европските програми за НФО. Покрај тоа, треба да се работи на градење образовна култура во која ќе се надмине судирот меѓу формалното образование и НФО и ќе се овозможи флексибилна патека на лична кариера и доживотно учење.
- ЦОВ треба да спроведе засилени активности за информирање на понудувачите на услуги, одделни целни групи и јавноста воопшто во врска со законските можности за верификација на програми во областа на НФО. Исто така, ЦОВ треба да им помогне на понудувачите на услуги да ги промовираат своите програми.
- Подигањето на јавната свест за НФО може успешно да се постигне само преку соработка на засегнатите страни. Се охрабруваат ЦОВ и понудувачите на услуги (особено здруженијата на граѓани) да имаат проактивен однос кон градењето партнерства. Вистински резултати можат да се постигнат со усогласено дејствување на државниот, деловниот и невладиниот сектор. Важен е и придонесот што можат да го дадат локалната самоуправа и медиумите. Се охрабрува заедничкото дејствување на засегнатите страни на локално и национално ниво, со цел да се опфатат што повеќе целни групи (особено ранливите и маргинализираните групи, највозрасните и младите).
- За да се поттикне врската меѓу формалното образование и НФО, се предлага соработка со центрите за кариера во образовните институции (пред сè, универзитетите) преку кои можат да се шират информации за можностите во областа на НФО.
- Се предлага соработка со постојните печатени и електронски медиуми, како и посебна едукација на новинари за прашања од областа на НФО.
- Постојат повеќе начини и форми за јакнење на свеста за НФО. Дел од засегнатите страни особено ги истакнуваат можностите на интернет. На пример, се предлага создавање веб портал, специјализирани ресурсни страници, дистрибутивни листи, бесплатен е-билтен и специјализирани списанија од областа на НФО. Се истакнува потребата од издавање поимник

во кој на лесен, јасен и достапен начин ќе бидат појаснети нормативните и други термини од областа на НФО. Исто така, се предлага прогласување Ден на НФО во РМ и организирање саем на НФО, кој би помогнал да се претставaт програмите на понудувачите на услуги и јавно да се афирмира НФО во РМ.

## 6. Наместо заклучок

Врз основа на она што беше кажано погоре, може да се извлече општа препорака дека сите засегнати страни, особено државата и нејзините надлежни институции, треба да осигураат транспарентност во својата работа и јакнење на свеста за НФО, имајќи го предвид неговото значење за развој на општество втемелено на знаење. Во случајот на Република Македонија, ова прашање добива и дополнителна тежина со оглед на фактот дека транспарентното и соодветно регулирање и унапредување на НФО е и еден од условите што земјата треба да го исполни во процесот на интегрирање во ЕУ.

МладинскиКултурен
Центар-Битола

ISBN 9989-2139-4-1
9 789989 213946